# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 декември 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски,, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славица Грковска, Слободан Чашуле, Љупчо Балкоски, Петар Намовски, Ристо Пејоски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Јани Макрадули, Никола Камчев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Абдилаким Адеми, Гзим Острени и Трифун Костовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите вршат пребројување на пратениците)

Ве молам уште еднаш да притиснеме, бидејќи некои дојдоа сега.

Присутни се 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членови на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 35-та седница и 43-та седница ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 35-та седница и 43-та седница се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија ги повлече Предлогот на Просторниот план на Република Македонија и Предлогот за донесување на закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, со Предлог на закон.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и Предлогот на Одлуката за разрешување и именување заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие “Македонска радио телевизија”.

Заради рационалноста, известителот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата пратеникот Каме Петров ќе ги озбразложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог одделно.

Го молам известителот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба, овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор известителот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата пратеникот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија како овластен предлагач врз основа на член 110 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 декември 2003 година утврди Предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија и истиот го достави до претседателот на Собранието на Република Македонија, согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, со предлог да биде внесен во дневниот ред на оваа седница, а од причини што со реконструкцијата на Владата на Република Македонија оставката на претходно избраниот член на Уставнио суд, Комисијата за прашања на изборите и именувањата како овластен предлагач на пет судии на Уставниот суд на Република Македонија, заради настанатите измени и непреченото функционирање

на Уставниот суд на Република Македонија, утврди нов предлог за избор на двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија и тоа:

1. Вера Маркова, судија на Апелациониот суд, која се избира со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и согласно амандман 15 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 110 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на заедницата, кои не се мнозинство во Република Македонија, се предлага Махмут Јусуфи, дипломиран правник.

Ве молам, Собранието на Република Македонија согласно член 66 став 3 да одлучи за итноста на предлогот, имајќи го предвид образложението кон предлогот со биографиите што се изнесени.

Исто така, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 8 декември 2003 година утврди предлог одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членовите и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, кои исто така ви се доставени.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 8 декември 2003 година утврди предлог одлука за разрешување и именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие на "Македонската радио телевизија", прашање кое исто така за разрешување на генералниот директор е доставено, а исто така и за заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие до пратениците е доставено.

Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија да ја разгледа и да ја донесе одлуката за разрешување и именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие на "Македонската радио телевизија".

Благодарам

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Комисијата дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници за предлогот гласале 48 за, воздржани 2, а гласале против 13 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата има доволно присутни пратеници и затоа гласањето е валидно.

За гласале 49 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, 5 глале против.

Констатирам дека предлого на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување и именување заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие на “Македонската радио телевизија”, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 72 пратеници, гласале 59 пратеници, 44 гласале за, воздржано гласале 7, против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за поплавата која се случи на 29 ноември до 1 декември 2003 година и ги зафати населените местса Градско - Балдовци и Счево.

Информацијата ви е поделена.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Сакам да му предложам на Собранието на Република Македонија на дневниот ред на денешнава седница да се најде и Информацијата за поплавата која се случи минатиот викенд во струмичкиот регион, а која што посебно ги погоди населените места Градско - Балдовци и Счево, која со колегата Паљошковски Ѓорѓе ја доставивме до сите вас.

Затоа, дозволетеми накратко да ја образложам итноста од ставање на оваа точка на дневен ред.

Обилните дождови што минатиот викенд го зафати струмичкиот регион, а посебно ридско-планинскиот дел од овој крај, предизвикаа протокот на води во реката Трkaјна, во реката Водочница и Маркова Река државјанство се зголеми, енормно да се зголеми и да предизвика поплави на земјоделските земјишта, на земјоделските површини кои што беа посадени со земјоделски култури и во исто време истите да бидат уништени.

И не само тоа, во селото Счево, најголем дел од куќите беа поплавени и направени огромни материјални штети на жителите од тоа село. Надојдените води на реката Тркајна го однесоа и импровизираниот мост кој што го поврзуваше населеното место Градско - Балдовци со градот Струмица и ова се случи и минатата година при многу помала попава, повторно беше однесен мостот кој го поврзуваше ова населено место со градот Струмица и тогаш беше поствен овој импровизиран мост за да повторно оваа година, на овие поплави овој мост биде однесен и со тоа беа прекинати и телефонската, и водоводната мрежа за селото Градско - Балдовци.

Но, тоа не беше најлошото што се случи за жителите од овој регион. Следуваа два ударни брана, силни водни ударни брана кои што се срушија врз Маркова Брана која што е изградена на Маркова Река, само 60%, значи тотално е направена 60% оваа брана, и првиот ударен бран пристигна во 8,30 часот во неделата наутро, а вториот ударен бран во 13,30 часот и направи огромни штети на браната. Беше однесен заштитниот слој на браната, а во исто време беше оштетен и филтерниот слој во ширина од 4 метри.

Токму поради тоа што врнежите не престанаа во текот на целиот ден, по кажување на експертите за хаварии на брани, кои што беа пристигнати,

Општинскиот штаб за цивилна заштита со градоначалникот на општината ги презедоа сите пторебни мерки за заштита на населението, а посебно на нивните животи од несаканите последици, доколку се случеше најстрашното, браната да попушти. Без организирана евакуација на населението од Градско - Балдовци, а во исто време беше затворен и патниот правец Струмица - Валандово.

Неделата, вечерта, почитувани дами и господа, беше најужасната ноќ во животот на жителите од Градско - Балдовци. Црковните ѕвона непрекинато биеја, за да ја соопштат страшната вест дека жителите треба да ги напуштат своите домови и да не знаат дали повторно кога ќе се вратат, ќе ги видат таму. Дел од евакуираните беа сместени во училиштето во селото Куклиш, во најголем дел жени и деца. Кога ги посетив таму, навистина, почитувани дами и господа, кошмарот во кој што тие луѓе живееја, кошмарот во кој што децата се најдоа, стравот на лицата на овие жени и болката во нивните души, ме натераа и нивните молби да ја поставиме оваа точка на дневен ред како партија и да ве замолиме да биде прифатена, заради тоа што, еве не се случи најлошото, браната не попушти, меѓутоа, не можеме да сметаме дека во блиска иднина нема повторно да има обилни дождови и повторно овие жители нема да се соочат со истиот овој ужас.

Затоа, бараме итно да биде поставена оваа точка на дневен ред, со цел да ги задолжиме надлежните органи во државата да преземат итни мерки за санација, најпрво, на оштетеното тело на браната. Понатаму, да се преземат сите мерки за најургентно довршување на браната на Маркова Река. И, не само тоа, треба во исто време Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги преземе сите потребни мерки, каналот кој што ја поврзува од Струмица па се до македонско - бугарската граница да биде одржуван, да биде исчистен, за да кога во иднина би дошло до ваква ситуација, кога би имало пообемни дождови, да може водата да истекува и да не се поплавува земјоделското земјиште и селата во овој регион.

Понатаму, неопходно е потребно да се изнајдат средства за конечна изградба на еден вистински мост според постојните стандарди, според проект, кој што веќе е при крај, го има изготвено локалната самоуправа и дел од средствата за негово изготвување финансирано.

Најпосле, секако, треба да се преземат и неопходни мерки за обештетување на поплавените имоти на граѓаните, со што ќе им се овозможи полесно да ги санираат штетнит последици од поплавата.

Се надевам, почитувани дами и господа, дека од ова образложение, ја сфативте потребата од итноста, да не се надеваме дека дождови и во текот на месец декември и јануари нема повторно да има, не дај Боже да има, меѓутоа, затоа и ги повикувам колегите пратеници да гласаат за поставување на дневен ред на оваа точка, да се разгледа информацијата, меѓутоа, во исто време и да се задолжат надлежните органи во државата да ги преземат сите неопходни мерки, за да не се случи повторно тоа што се случуваше пред една недела.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на пратениците Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Процедурално се јави господинот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувани колеги, господине претседателе,

Се работи, се разбира, за елементарна непогода и не верувам дека во Собранието има пратеник што не би сакал за овој проблем да не се расправа, но пред се, кој не би сакал овој проблем да  се реши.

Би сакал да го замолам предлагачот, ако е можно, неможам да гласам против една ваква иницијатива, да се договориме, за наредната седница на Собранието, Владата да подготви информација и да предложи решение. Ние ќе расправаме сега, меѓутоа, не можеме да ги преземеме ингеренциите на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Петковски, ова не беше процедурално, туку предлог.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 77 пратеници, 30 за, 12 воздржано и 35 против.

Констатирам дека предлогот на пратениците не е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница...

(Реакции).

Повелете, господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Согасно Деловникот на Собранието, со оглед на фактот дека за да се донесе одлука да се внесе точката на дневен ред на оваа седница, за да се добие потребниот број на гласови, имаме пет гласа кои се потребни за да се донесе оваа одлука, барам поединечно да се изјасниме за донесување на одлуката да се внесе на дневниот ред, на оваа седница да се расправа по оваа точка во дневниот ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Барате поединечно гласање.

Имавте 30 глсови. За донесувањето на оваа одлука треба 40 гласа, а вие имавте 30 гласа за. Немате право, имате 30 гласа за. Значи, вие не можете да побарате поединечно гласање, тоа се 10 гласа разлика.

Одиме понатаму.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница, по итна постапка, да се донесе Закон за изменување и дополнуање на Законот за телекомуникациите.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Бидејќи претставникот на Владата не е тука, овој закон ќе чека подобри времиња.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред...

(Реакција).

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара од денешниот дневен ред да се симне точката 8, односно Предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово.

Ова го предлага од следните причини.

1. Сметаме дека предлогот и усвојувањето на овој предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово е противуставно, незаконско, односно постапката за неговата легализација во целина е спротивна на одредбите на Уставот и законот.

2. Одлуката на Одборот за акредитација на високото образование во најмала рака е сомнителна, затоа што, прво, е донесена само за пет дена, несоодветно е аргументирана, што значи дека истата е донесена под силен политички притисок.

(Реагирање од пратеникот Жерновски).

Колега Жерновски, јас образложувам зошто барам да се повлече точката.

3. Според проектот за основање на државен универзитет во Тетово предвидено е да предаваат 78 професори, односно од нив 48 доктори на науки, чии дипломи, почитувани колеги, не се нострифицирани, значи како такви не се легализирани во образовниот процес и воопшто, спорен е нивниот ангажман во образовниот процес.

Сметаме дека високото образование на албанците во Република Македонија комплетно и потполно е решено со Универзитетот на Југоситочна Европа или таканаречениот Штулов универзитет, Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот "Свети Климент" во Битола преку квотите и на Педагошката академија во Скопје. Образованието на овој факултет, според се она што досега имавме прилика да го видиме и слушнеме, претставува квази образование, согласно она што претходно го наведов.

Меѓутоа, едно мора да разберете. Ние не сме против квалитетното образование на албанците во Република Македонија, како што некои колеги тука милуваат тоа да го кажуваат, но верувајте дека овој парауниверзитет воопшто нема да го овозможи тоа, ниту пак им го гарантира на албанците.

Основањето на овој тајанаречен парауниверзитет, за жал, има голем политички призвук и е добропресметан поен на коалиционите партнери, со цел стекнување на доверба, посебно на албанскиот електорат.

Она што е посебно значајно и сакам да го наведам е фактот дека и Меѓународната заедница, но и со одредбите предвидени во Рамковниот договор не се бараше легализација на овој парауниверзитет.

Ставањето како точка на дневен ред на оваа денешна седница предизвика огромни реакции во јавноста, чии сведоци сте вие, особено од средношколската и студентската популација, за кое нешто сме сведоци и денес бидејќи пред

Собранието на Република Македонија знаете дека се одржуваат протести токму на оваа популација.

Бројката на учесниците во овие протести би била секако многу поголема, доколку власта, со добро познатите методи на присила и закана, всушност им оневозможи на учесниците во овој процес да го искажат своето размислување, затоа што средношколците, студентите и останатите граѓани на Република Македонија имаат своја глава и размислуваат, што секако не секогаш е во прилог на она што Владата го размислува и сака да не увери.

Од овие причини, почитувани колеги, барам оваа точка од дневниот ред да се симне од денешната седница и да се остави за некои помирни времиња, а Владата добро да размисли што понатаму воопшто предлага.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Жерновски, процедурално, повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Претставничката на опозицијата треба да знае дека може да се бара повлекување на точка од дневен ред тогаш кога точката ќе биде поставена на дневен ред. Точката не е поставена, претседателот на Парламентот не го прочита дневниот ред, така што неможете да барате повлекување на точка што не е ставена на дневен ред и ве молам да се запази таа процедура.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Со решението за седница до пратениците е доставен дневниот ред и затоа пратеничката се повика на осмата точка од дневниот ред, а со дополнувањата ќе се измени редоследот.

Го ставам на гласање предлогот осмата точка од доставениот дневен ред...

Повелете господине Кондарко, процедурално.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине претседателе, јас ќе се надоврзам на процедуралната интервенција на господинот Жерновски и мислам дека и на господинот Жерновски му е на место забелешката, бидејќи согласно член 173 став 1 од Деловникот Собранието без претрес се изјаснува за секој предлог за изменување и

дополнување на предложениот дневен ред и за предлогот на дневниот ред на седницата во целина.

Значи, дневниот ред не беше предложен од страна на претседателот на Собранието, за да потоа некој од пратениците побара изменување и дополнување. Дневниот ред најпрво треба да биде предложен, па потоа да се побара изменување и дополнување и да се гласа за тоа, а на крајот во целина за предложениот дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, овде ќе прекинеме со овие процедурални забелешки, затоа што дневниот ред беше доставен, иницијалниот дневен ред и по тој дневен ред се расправа.

Ве молам, го ставам на гласање предлогот во врска со Законот за основање на универзитет во Тетово.

Кој е за предлогот да се симне точката од дневен ред.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Од вкупно 80 пратеници, за предлогот да се симне точката од дневен ред гласале 26, нема воздржани, а 54 пратеници гласале против.

Со тоа констатирам дека не е усвоен предлогот да се симне точката од дневен ред.

Според тоа, за денешната седница ...

Повелете господине заменик министер.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Според член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија бараме да се врати на дневен ред точката Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите заради итноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Според членот 66 тоа е точно, но според член 66 вие требаше овде да бидете присутни на време. Јас пак ќе го вратам назад предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникации.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Врз основа на член 175 и 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, се предлага законот да се донесе по итна постапка. Сметаме дека е битно да се донесе оваа измена и дополнување од проста причина што заради подобрување на наплатата на Управата за телекомуникации, каде што сега имаме големи проблеми заради нерегулирани одредени односи, со овие измени и дополнувања се регулира местоположбата на кабелските оператори, кои до сега беа согласно Законот за радиодифузна дејност, меѓутоа, после сугестиите од страна на експертите од Европа, се оцени дека нивното место треба да биде во Законот за телекомуникации и затоа сметаме дека би требало овој закон да го донесеме по итна постапка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 61, за 41, воздржано 1, а против 19.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Дали има некои други дополнувања на дневниот ред? (Нема).

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

Дневен ред:

1. Интерпелација за работата на министерот за образование и наука господин Азис Положани;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за просторно и урбанистичко планирање;

4. Предлог за донесување на закон за изградба на објекти;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата

6. Предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово, со Предлог на закон;

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите;

8. Предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија;

9. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје;

10. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Дебар;

11. Предлог на одлука за разрешување и именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио и телевизија;

12. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;

13. Предлог на одлука за именување претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката;

14. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент;

15. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;

16. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи во Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

17. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

18. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за трансфузиологија - Скопје;

19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 77 пратеници, и тоа 60 за, 1 воздржано и 16 против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на точка 1-Интерпелација за работата на министерот за образование и наука, г. Азис Положани.

Интерпелацијата и одговорот на министерот поднесен по Интерпелацијата ви се доставени.

Отворам претрес.

Согласно член 45 став 1 од Деловникот на Собранието еден од пратениците што ја поднеле Интерпелацијата има право на седницата на Собранието да ја образложи во траење од 20 минути.

Дали некој од подносителите сака да ја образложи Интерпелацијата.

За збор се јави пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Денеска на дневен ред е Интерпелацијата за работата на министерот за образование и наука г. Азис Положани. Согласно на член 42 петмина пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесовме Интерпелација за работата на министерот за образование и наука г. Положани. Сметам дека ова е формално само пет, бидејќи стојат сите останати пратеници од нашата пратеничка група. Јас согласно на член 45 ќе се обидам да ја образложам оваа интерпелација за работата на министерот за образование и наука, г. Азис Положани.

Иако искрено се надевам дека нема да дојде до оваа состојба, состојба во која што нашиот почитуван колега г. Азис Положани, парламентарец во неколку мандати дека ќе има повеќе сенс дека со неговото искуство, кое што го има како

парламентарец во политичкиот живот, со оглед на состојбата која што ја имал во највисокиот законодавен дом да ги гледа, да ги прати и да ги согледува збиднувањата меѓу другото и во образованието дека нема да дозволи состојбата во образованието да се доведе до овој степен до кој што денеска не наоѓа. Значи, сметав односно сметавме дека како искусен политичар ќе биде во најмала рака и реален менаџер дека ќе ја процени состојбата дека ќе се однесува толерантно, со голема доза на претпазливост а особено во случаите на образованието каде што постојат можности меѓу етничките односи да добијат некоја поголема тензија. Меѓутоа, се случи сосема спротивното. Се случи Шемшево, се случија протестите во Битола, се случи во “Арсение Јовков” и “8-ми Септември” се случија во Куманово со средношколците. Сето тоа зборува дека г. министер за образование и наука г. Азис Положани на некој начин ја има испуштено работата од рака.

Се однесуваше толку еднostраон, толку директно, толку неподготвено што ја вознемири целокупната македонска јавност. Ги вознемири учениците, ги вознемири нивните родители, ги изнесе учениците на улица. Сето тоа беше толку очигледно што целокупната македонска јавност реагираше на овие состојби. И што е многу значајно и најзначајно во сето ова ја дигна меѓуетничката тензија на многу опасно ниво, иако знаеме дека меѓунационалните односи во Република Македонија се многу кревки, се многу чувствителни и дека сите ние, особено министрите, бидејќи за нив сега станува збор, треба да обрнат посебно внимание бидејќи имаат многу висока позиција во државата како членови на Владата и со нивното однесување можат најмногу да придонесат до влошување на меѓунационалните односи.

Г-динот Азис Положани како министер за образование и наука направи многу грешки, премногу грешки за да бидат тие случајни, така да се добива впечаток и кај најобичниот граѓанин дека ова не е ненамерно, не е несмислено, туку напротив ова е едно смислено сценарио на г. министер, само незнам по чие сценарио. Се работи во секој случај ова на некој начин ја вознемирува македонската јавност и води кон дестабилизација на Република Македонија.

Јас незнам кому му користи сето ова. Мислам дека не и користи на никоја, ако е тоа за меѓуетничките односи на ниедна заедница, не му користи на македонскиот народ, не им користи на чесните албанци, не им користи на чесните турци, на чесните роми, на чесните срби или на чесните бошњаци и сите останати заедници кои што живеат вп Република Македонија . Едно се говори во јавноста, друго се говори во своите етнички заедници и ако така се продолжи само ќе губиме соживот,

само ќе губиме демократија, само ќе губиме стабилност на Република Македонија, а во праксата ќе се оддалечуваме од сите овие придобивки на човештвото и што е најзначајна исто така ќе се одалечуваме од она што значи приклучување кон ЕУ или интегрирање во ЕУ.

Ниту еден од овие случаи кои што се случија во образованието и науката не е таков да не можел да се реши со разговарање, со добра подготовка на јавноста, со добра подготовка на учениците, на нивните родители се со цел да не настанат овие случаи кои настанаа во средните школи.

После сите овие случувања кои што се случија во образованието и науката во Република Македонија, чиј што министер беше г. Азис Положани сепак при реконструкцијата на Владата која што се случи минатиот месец г. Азис Положани ја преживеа таа реконструкција. Тоа беше изненадување за сите нас особеон за опозицијата, иако сметавме дека најреално беше и очекувано беше и можеби најбезболно беше г. Азис Положани биде реконструиран при последната реконструкција на Владата на Република Македонија . Меѓутоа очигледно г. Азис Положани ја има добро завршено работата, онаа што му е дадена од пратеничката група на ДУИ, или од пратријата на ДУИ за исполнувањето на нивните програмски задачи, а тие гледаме дека не се баш најчесни во сверата на образованието, така да сето ова што се случи успеа да биде како заслужен министер кој не беше реконструиран од Владата на Република Македонија, туку беа реконструирани или сменети министри кои што сметам дека беа помалку за реконструкција отколку г. Азис Положани. Сето тоа доведува до хаос во образованието во Република Македонија  и што е најзначајно ние не гледаме начин, не гледаме можност, не гледаме како ќе се излезе од оваа состојба.

Меѓутоа и деловнички и според Уставот постои една можност според која г. Азис Положани ја прифати т.е. да си даде оставка ќе биде најбезбедно и во Парламентот ние би ја прекинале оваа расправа. Со тоа не би ја вознемирувале македонската јавност бидејќи сметаме дека во образованието веќе министер како г. Азис Положани не би можел да го води образованието и науката. Нормално неговата пратеничка група ќе негодува и сосема е тоа е нормално меѓутоа ако ги гледаме сите овие збиднувања во образовабнието ако гледаме што се се случува на улиците, што се се случува во дневните печати, по медиумите сосема ќе биде јасно кој е министер кој што треба најрано да се реконструира.

Значи од првата точка на Интерпелацијата ВМРО-ДПМНЕ е сериозно загрижена поради катастрофалното лошо менаџирање на проблемите во образованието, а особено поради се поизразената тенденција за намерно и политички мотивирано креирање на проблемите во областа на образованието од страна на министерот г. Азис Положани.

Исто така сакам да подвлечам дека г. Положани како министер за образование и наука два пати по ред одобрил средства за дератизација и дезинсекција на Студенскиот дом “Никол Карев” од Охрид со што Буџетот на Република Македонија бил оштетен за 78 илјади евра. Сето ова пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, исто така имаше и пратеничко прашање, ова беше поставено пред реконструкцијата на Владата на Република Македонија меѓутоа сепак г. Азис Положани ја преживеа и таа реконструкција.

Како трето би сакал да истакнам дека министерот за образование г. Азис Положани е директно одговорен што средните и освновните училишта во земјата скоро цело полугодие работат без дневници и овој проблем е дотолку поголем бидејќи постојат сериозни обвинувања дека во самата набавка на дневници постојат индиции за сериозен криминал. Тука би сакал да напоменам дека и во македонската јавност се шпекулира, се вртат мислењата дека г. Азис Положани како министер за образование и наука е најдиректно одговорен за тоа што овие дневници каснеа во основните и средните училишта скоро три месеци, бидејќи г. министер имал желба, имал интерес одредена фирма, која што е блиска до него т.е фирмата “Логос-А” да добие тендер за набавка на овие дневници, иако целата процедура е законски изведена преку Комисијата за јавни набавки во Министерството, меѓутоа гледајќи го неговото образложение на неговата интерпелација се гледа дека роковите во кои што се дадени јавните набавки а потоа се повторно преименвуани е само еден обид за да може да се скрие правата намера т.е. поништен е тендерот, бидејќи во првиот случај имало премногу фирми, кои што биле многу поквалитетни, кои што имале поголема традиција во изготвувањето на дневници и на другите помагала во образованието, а не успеале да го добијат тендерот, меѓутоа поради нивниот притисок тој тендер бил поништен, а министерот со оглед на блискоста и со оглед на неговиот интерес спрема оваа фирма повторна ја избира фирмата која што на некој начин била фирма која не била во можност за толкаво време и со таков квалитет да ги направи овие дневници. Додека министерот ја гледал својата фирма да ја протурка нис комисијата за јавни набавки не размислувал и не се заинтересирал

како работеле наставниците во основните и во средните училишта. Како ги запишувале резултатите на учениците, како го запишувале каснењето на учениците, како ја запишувале евиденцијата на часовите. Сето ова на некој начин образованието го враќало на 50 и неколку години station наназад. Тие своите забелешки ги запишувале во тевтери, во тетратки, фотокопирани дневници. Сето тоа на некој начин го симнувало нивот на образованието во основните и средните училишта и што е најважно најзасегнати биле учениците на кои што сите ние толку многу полагаме во образовниот систем.

Сето тоа влијаело на нивниот однос кон образованието. Исто така влјаело на нивните резултати во образованието бидејќи ако министерот се однесува неодговорно во тој случај дава голема можност, голем поттик и на учениците да почнат да се однесуваат така. Затоа г. министер ако ништо друго барем по оваа точка би требало да размисли дали може и понатаму да го води овој исклучително значаен сектор во Владата на Република Македонија т.е. Секторот за образование и наука.

Исто така министерот за образование г. Азис Положани намерно предизвикува проблеми во основното и во средното образование преку необмислено и произволно отварање нови паралелки на албански јазик во училиштата во Битола и во Скопје. Затоа г. министер ако ништо друго барем по оваа точка би требало да размисли дали може и понатаму да го води овој исклучително значаен сектор во Владата на Република Македонија т.е. Секторот за образование и наука.

Исто така министерот за образование г. Азис Положани намерно предизвикува проблеми во основното и во средното образование преку необмислено и произволно отварање нови паралелки на албански јазик во училиштата во Битола и во Скопје. Нерешавањето на проблемите во Куманово, во Шемшево и тн. Со овој чин министерот за образование и наука г. Азис Положани директно ги нарушува меѓуетничките односи во Република Македонија.

Оваа точка од Интерпелација на г. министер за образование и наука г.
Азис Положани е многу значајна бидејќи знаеме каква е состојбата во училиштата од овој аспект. Би го спомнал училиштето во Шемшево, кое што толку многу ја разбранува македонската јанвост и сеуште тој проблем не е решен, македонските ученици во ова училиште веќе не учат иако г. министер припаѓа на една политичка партија на албанскиот политички блок која однесе голема победа на изборите на 15

септември и кој што можам да кажам дека во Шемшево има доминантна улога, меѓутоа изгледа нивната цел не е за да можат да се вратат учениците македонци во ова основно училиште. Нивната цел беше да се искористи школото за нивни дневно-политички потреби за да може политичката партија на која што припаѓа, за да може да се докаже пред албанската заедница како многунационална.

Исто така, бидејќи сум од Скопје би го спомнал и случајот со средното училиште “Арсение Јовков”, во кој што во еден крајно избрзан начин , на еден крајно неподготвен начин, неподготвен и од аспект на тоа што просториите во кои што требаше да дојдат учениците од албанската националност во “Арсение Јовков” префрлени од 8 септември, во кои што требаше да дојдат не беше ниту технички подготвена, а исто така не беа подготвени ниту наставниците, ниту учениците во нивното училиште дека треба да дојдат неколку паралелки од албанската националност. Исто така не беа подготвени ни нивните родители. Сето тоа предизвика, со доаѓањето на еден изненаден и брз начин на ученици од 8 септември во “Арсение Јовков” и договорено во тесните кругови меѓу министерот, директорот и заменик директорот на тоа средно училиште доведе до тоа кога се појавија учебниците да предизвика една голема бура од негодување, предизвика еден силен револт, револт кој што беше изразен поради тоа што луѓето не знаеја што се случува во нивното средно училиште. Затоа беа многу исплашени, затоа излегоа на улица, затоа излегоа пред Владата на Република Македонија, меѓутоа министерот за образование не најде начин, не најде можност да отиде таму, да отиде кај учениците и да може тој проблем да се реши. Ние бевме сведоци дека тој проблем ја окупираше македонската јавност повеќе од месец дена. Сметам дека тоа е еден голем минус, еден голем пропуст, една голема негативна работа на министерот образование г. Азис Положани, и пак ќе напоменам од еден добар пратеник во неколку мандати во Собранието на Република Македонија  стана министер, еден лош министер. Лош во смисла на тоа што многу слабо менаџираше во Министерството за образование. Министер од кој што очекувавме дека во сверата на меѓунационалните односи ќе најде сенс, ќе најде начин за да можат тие да не дојдат на таков степен на кој што дојдоа денеска во образованието.

Од тие причини, во согласност со Уставот на Република Македонија и Деловникот на Собранието на Република Македонија  со цел да се ублажат несаканите девијантни појави кои ги предизвикува министерот за образование г. Азис Положани ВМРО-ДПМНЕ ја поднесе оваа  Интерпелација до Собранието на

Република Македонија и сметаме дека пратениците покрај од опозицијата и од позицијата ќе најдат разбирање за оваа Интерпелација, ќе се вклучат во нејзината расправа, ќе ги согледаат и аргументите што е најважно на опозицијата и ќе дадат свој допринос г. Азис Положани веќе да не биде министер за образование во Владата на Република Македонија .

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трајановски.

Согласно член 45 став 2 од Деловникот на Собранието министерот има право на седницата на Собранието да го образложи својот Извештај или да даде одговор на поставената Интерпелација во траење од 20 минути.

Дали министерот за образование и накука г. Азис Положани сака да го образложи својот Извештај односно да даде одговор на поставената Интерпелација.

Има збор г. министер за образование и наука г. Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господо,

Мислам дека и со Деловник така е предвидено интерпелацијата да биде дел од нашата работа и не гледам во суштина ништо лошо од самата таква иницијатива, затоа што за мене тоа е еден момент каде што можеме да разменуваме некои факти, можеме да разменуваме мислења околу досегашната моја работа, а и како Влада, сигурно и како човек и со можност тие аргументи кои што стојат и кои што можат да се разменат на разбирлив, политички и аргументиран начин да се прифатат и понатаму што е многу важно да придонесув кон подобрување на работата како на министерот, така и на сите нас, но, велам, секогаш со аргументи, со факти, кои што можат лесно да бидат опипливи, за жал, не секогаш само од политички мотивирани позиции да продуцираме понекогаш и квази аргументи.

Имено, јас ќе го искористам моето деловничко право можеби на кратко да го прераскажам тоа и што го напишав во самиот мој одговор. Можно е и нешто плус, ако мислам дека е потребно во овој момент и да разјасниме некои работи.

Имено, по спроведувањето на изборите од 15 септември 2002 година врз основа на резултатите од нив, се формира политичка влада која што за своја

основна цел си го постави реализирањето на многу сложени и тешки задачи во насока на стабилизација на целокупната состојба во државата. Стабилизација на политичко безбедносната ситуација во државата се третираше како една од главните заложби и приоритети потреба на граѓаните на Република Македонија и на регионот во целина. Овој предуслов претставува реална претпоставка за креирање на поволен амбиент за реализација на Охридскиот рамковен договор, како основа за долгорочна стабилизација на нашата држава, чија што реализација ќе отвори јасни перспективи во правец на евроатланските интеграции. Сигурно е дека образованието како еден од најважните столбови на општествените текови беше и останува една од главните заложби каде што е фокусирано вниманието на оваа Влада, односно на Министерството за образование и наука, како еден од нејзините витални делови. Заради многу нерешени проблеми во минатото, заради неповолниот амбиент создаден како резултат на постконфликтниот период, како и заради финансиските можности, односно неможности на државата да направи нешто повеќе во подобрувањето на овие состојби, пред Министерството за образование и наука се постави одговорна задача да се направат соодветни чекори да се преземат соодветни активности за надминување на таквите состојби. За ова кратко време сериозно се зафативме со решавање на проблемите за ставање на образованието во функција на сеопштиот развој на државата и сигурно во оваа насока ни престојуваат уште многу активности за нивна целосна реализација. Така, надминавме некои наследени жаришта, воспоставивме дијалог меѓу чинителите на таквите жаришта и работиме понатаму за нивно целосно надминување. Значи, тука една мала дигресија, дека не се работи за создавање на Шемшево, Куманово и некои имиња, туку ние просто тие ги наследивме и ние бевме тие што требаше да се справиме со тие проблеми, а не дека ги направивме и дека тие почнаа со нас. Имајќи ги во предвид сите овие наследени тешкотии и проблеми, а свесни за потребата за реализација на политиката на Владата на Република Македонија каде што целосно место зазема навремената реализација на Рамковниот договор која што интеграциона компонента ја има како базична политичка филозофија, сигурно дека сме свесни и за тешкотиите на кои наидуваме на нејзината реализација. Оттука, за мене разбирливи се и реакциите кои што произлегуваат од неможноста на некои чинители на општеството благовремено, или навреме да се вклучат во овие трендови. Но, неразбирливи се и се како штетни не само за образовниот процес, туку и за самата држава, се прекумерната доза на политиканства и дневна политика

која што се обидуваат да ја наметнат преку одредени тези и во текстот на интерпелацијата, а и пошироко како што се: хаос во образованието, намерно и од политички причини мотивирано креирање на проблеми во образованието и тн., што и сега имавме прилика сигурно од господинот координатор да ги слушнеме. Загрижувачка и нецивилизациска е замислата во почетокот на 21-от век да се претендира уште и да се докажува дека отворањето на било која паралелка, на било кој јазик е проблем и дека е продукт на нечија желба, а не производ на законите и на потребата на оваа земја за подигнување на образовното ниво на сите етнички заедници кои што живеат во Република Македонија.

Дозволете господа пратеници, да се осврнам таксативно и многу кратко на причините наведени во образложението на поднесената интерпелација. Имено, во врска со лошото менаџирање има повеќе проблеми кои што се насочуваат. Но, мислам дека во интерпелацијата се напишани некои елементи кои што доаѓаат од педагошки аспект, од некоја норма со часовите, проблемите кои што досега, или во догледно време беа предмет кои што создаваа навистина еден хаос, мислам не хаос во чиста смисла на зборот, туку некои состојби од кои што може да произлезе дека сепак во образованието има што да се направи, има што да се уредува од аспект на тие таканаречени несредени состојби, јас не би го рекол хаос и тогаш и сега. Мислам дека одредени елементи кои што имаат влијание во таа насока, ние правиме се за да ги надминеме и да направиме законска и нормативна основа за законско и нормативно надминување на истите, а не произволна, како што јас го најдов во самото Министерство. Тука не сакам повеќе да се задржам, имате во самиот текст.

И една, мислам многу важна работа, се вели дека се случија некои нешта кои што се како производ на лошата политика. Мислам дека воопшто за таа работа немате право да кажете, затоа што сите случувања кои што ги спомнувате, почнувајќи од Шемшево, почнувајќи од Братство Мигени, почнувајќи од Куманово, завршувајќи и од Арсение Јовков, не се работи што се случија, или само заради фактот што вакво водење и такво водење на образованието, се случија. Сите вие знаете дека сите ги наследивме какви што ги наследивме, се знаат состојбите, а во Арсение Јовков проблем е повеќе од пет, 10 години. Секоја година овој проблем тропа на вратите на образованието како да се реши и беше начинот на решавање еден приод за кој што се мислеше дека е најповолен, најадекватен за сегашните состојби кои што секогаш ќе има забелешки. Но, нашата интенција беше како тоа да се направи да биде за добро на сите деца кои што живеат таму. Да кажеме пример

за Шемшево. За Шемшево тоа што во Влада се направи како компромис е реализиран целосно. Фактот што уште децата не учат таму и јас не сум задоволен и претендирам да работиме уште понатаму во создавање на таа доверба која што ќе ја овозможи сепак децата да се вратат таму каде што и практично и објективно има поповолни услови. Но, велам, тоа би било така кога сите ние и тука што сме работиме во овој правец. Ако и тука некој покажува волја за еден правец, а работи на терен на друг правец, мислам дека тешко би можеле тоа да го реализираме не само во Шемшево, туку и на друго место. Така што мислам дека нема да се задржам повеќе на овој таканаречен според вас хаос, затоа што има многу елементи и аргументи, кои што просто не стојат, за кои што има и напишано, а нешто и реков.

Една од другите причини за кои што се зборува во смисла на тој хаос, дека не е точно, имено, ние најдовме една ситуација која што се карактеризираше по многу нешта за односите меѓу институциите, односите на Министерството со високото образование, односите на Министерството и Владата како таква со меѓународни асоцијации и со меѓународни партнери кои што и тогаш и сега сакаат да ни помогнат, беа спремни да помогнат, но не секогаш, или ретко, да кажам подобро наидоа на таков прием кој што би овозможил таква работа. Ние сите тие патишта ги отворивме, сите релации со меѓународните фактори веќе се оживнати и во правец сме тоа да го зајакнеме се за добро за образованието на сите граѓани. И мислам дека во тој правец веќе сме во одредени релации и со Советот на Европа и со другите асоцијации, да не ги набројувам сега, имаме добри проекти и за науката и за високото образование. Вие сите знаете дека тоа го заокруживме во некоја смисла со нашето полноправно членство и во процесот на Болоња кој што на 19 септември се направи во Берлин, а исто така вие знаете дека едно признание кон суштествената работа што се прави во позитивен правец е и самиот факт што ние веќе успешно ги завршивме преговорите со Светската банка, со Холандската влада кои што се големи донатори од овој аспект, со УСАИД кои што заедно значи, се средства кои што во образованието во Република Македонија ќе помогнат на тоа ниво што до сега никогаш не е направено и со самото тоа, ако се организираме добро, а нашата намера е тоа да го направиме, можат да исползат навистина во суштина образованието во целина да се ориентира и да се структуира, значи, и да се ориентира реформски во полза на целата определба на Владата на Република Македонија, значи и на самата парламентарна определба за некои вредности кои што за нас веќе подолго време се зборува, а никако да ги достигнеме.

Друг момент на кој што исто така би се осврнал, тука се спомна и тоа што е врзано со злоупотребите на средствата од Студентскиот дом во Охрид. Јас тоа неколку пати на конференции за печат реков дека не се работи за еднаш, два пати, три пати финансирање на таа активност што се вика дезинфекција, дератизација и дезинсекција, туку вие добро знаете и тоа сум го кажал и пак ќе повторам дека на крајот на минатата година  кога дојдов како министер најдовме буџетска дупка од 660 милиони во образованието од кои повеќе од 100 милиони беа спрема ученичкиот и студентскиот стандард. Беа книжени долгови со кои што со документи, со решенија, вие сите знаете, јас ги имам тука, дека беа доставени побарувања спрема нас за плаќање на тие долгови. Платен е долгот кој е сума тоа што е во цесијата напишана за студентскиот и ученичкиот стандард, а не за дезинфекција и дезинсекција.

Ако веќе сакаме да разговараме за такви нешта ние и тоа можеме да го отвориме и ќе видиме се за работата кај нас во однос на изнаоѓање на законското или незаконското решение, употреба или злоупотреба на средствата во образованието особено во  ученичкиот и студентскиот стандард уште малку ќе трае затоа што работите се такви што јас не сакам тука да играм улога на иследник или на тоа што не сум, туку како министер ќе излезам со точна информација што се правело и како се правело во однос на спроведувањето на законските обврски и тн. од страна на корисниците, субјектите и од страна на Министерството.

Вие сите знаете дека медијално пласирано можната или така да кажам сега ненаменската употреба на средства со таканаречената афера со бегалци, тоа е точно дека до сега имаме такви сознанија кои што не само што го потврдуваат, нека одат малку и понатаму, што мислам дека јас пред да имам официјални документи кои што веќе од финансиската ревизија се потврдени, а и понатаму ќе работиме, ќе видите се што е таму направено, што мислам дека не му служи на чест ниту на образованието, ниту на оваа држава во образованието, така да се третираат некои работи. Мислам дека таквата намена сега концетранција на медијската кампања врз ова ниту е основано. И јас го претставувам во мојот извештај тоа што ревизијата која што беше редовна кога беше за тој месец, а и по повод медијската употреба ги повикав пак истото да го видат дали е нешто направено и што е направено од аспект на законски пристап од моја страна и од Министерството и да се определи кој што тука има одговорност и одговорностите тука се лоцираа и се знаат. И според тоа има

постапки кои што ги водат органите и тие ќе продолжат тоа да го прават на начин на кој што е со закон предвидено.

Друга една работа која што се поврзува со таканаречениот хаос во образованието е учебникарската политика, иако не беше спомнато од господинот координатор на ВМРО-ДПМНЕ, туку очигледно тоа и медиски често се злоупотребува. Не, господо, тука имате информации и јас не сакам да ги повторам, туку тоа што, ако веќе имаше нешто хаос, ако јас можам да тврдам дека имаше нешто, значи, е тоа што ние во учебникарството, навистина, најдовме хаос.

Јас, сега се справувам, се обидувам да се справам со тој хаос и како што гледате таксативно се наброени, колкав е мојот придонес во однос на моите законски обврски, а врзано со бројот на издавање на учебници. Законско, ниту законски е минимум два, јас ниту два немам постигнато, па толку имало и барања. Од друга страна само во септември како што гледате, издадени се од 200 до 300 учебници и без процедура, што мислам дека е предмет на едно друго ниво на разговори. Јас не сакам да се впуштам на такво ниво сега, но мислам дека тоа што јас правам, се справувам со еден хаос во учебникарството, каде што, за да се оди до крај, мора и законски да се реагира, затоа што некои состојби се такви што не може само со волја или со ингеренции на министерот да се регулираат, туку и со закони тоа ќе го правиме каде што и вие сте поканети да дадете свој придонес.

Се спомнуваат основното и средното образование како жаришта на намерно создадени проблеми. Можеби проблемите се намерно создадени, но не од страна на министерот и на Министерството за образование и наука, туку токму од луѓе кои не и посакуваат добро на оваа држава.

Од сите извршени анализи, од релевантни институции, како што е Светската банка, УНЕСКО, Советот на Европа и другите покажуваат дека степенот на застапеност на децата на одредено ниво на образование ни е на многу ниско ниво.

Ваквите неповолни индикатори, сигурно дека негативно влијаат на општите текови во државата. Има нивно постепено подобрување во еден подолг период, но секако недоволно за позитивно и ефикасно влијание во насока на остварување на саканите и зацртани цели.

Законската одредба на Министерството за образование и наука, како и определбата на Владата е да работиме на подобрување на овие индикатори. Сигурно, дека тоа ќе придонесе за подобрување на претпоставките за равој на

државата, како и за надминување на евентуалните меѓуетнички тензии и недоразбирања. Сето ова е базирано врз желба на родителите, како и на законските одредби за рамноправно образование на сите заедници.

Притоа, политичката одредба на оваа Влада, која што се базира врз принципите на Охридскиот договор, беше и останува за изнаоѓање и за зајакнување на овие компоненти во образовниот процес, кои што ќе придонесат кон зајакнување на интеграциониот ефект како единствена алтернатива за доброто на сите граѓани на Република Македонија.

Исто така, убедени сме дека оваа наша определба нема друга алтернатива. Доколку таква постои, посебно од страна и на подносителите на интерпелацијата, ние сме подготвени да ја разгледаме и да работиме на нејзина реализација. Ако тоа што правиме, значи, и во "Арсени Јовков" и на други места каде што сакаме сепак да ги користиме заедничките капацитети и таму да учат сите заедно и да оформат една заедничка свест и за понатамошниот тек на општествениот развој на државата, ние опстојуваме на тоа затоа што мислиме дека е тој правиот пат. Јас немам уште информации дека некој друго нешто би предложил или има некоја друга варијанта. Ако има, ако мисли дека треба да искаже, нека каже која е таа друга алтернатива, ако мисли дека тоа што ние го правиме е во лоша насока.

Што се однесува до обвинувањата изнесени од одредени пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за наводната неуставна промоција на универзитетот во Тетово, тоа во суштина ја открива вистинската причина за покренување на оваа интерпелација. Очигледно е дека подносителите на интерпелацијата се загрижени од новиот концепт на оваа Влада кој е во насока на реализација на правата на сите заедници во оваа држава, вклучувајќи го и правото на високо образование. Таа грижа е повеќе од очигледна кај опозицијата, претендирајќи дека само тоа што тие го постигнале е максимален домет на овие права.

Оваа Влада покажа доблест и политичка зрелост со констатацијата дека правата се универзални и дека тие, кога се реализираат во доменот на образованието, тоа со сигурност е за доброто на сите граѓани на Република Македонија и оваа држава.

Господо пратеници,

Од веќе изнесенето, како и од транспарентноста на мојата досегашна работа, како член на Владата и како министер за образование и наука, повеќе е од јасно дека мојата работа е заснована врз Уставот и законите на Република Македонија, врз Програмата на Владата на Република Македонија и дека наводите во поднесената интерпелација се сосема неоправдани и неосновани и како такви целосно неприфатливи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со претресот.

Репликите можете да ги дадете во рамките на претресот.

Молам, кој бара збор?

Прв на листата е господинот Спиро Мавровски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, се јавувам процедурално, иако не ми давата право на реплика. Барам 30 минути пауза, од името на Пратеничката група. За тоа време да нисе симне стенограмнот од говорот на министерот. Сметаме дека има нови моменти кои ги искажа, врз основа на писмен одговор, за да бидеме по подготвени за нашиот настап.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За 30 минути, незнам дали сме во технички можности.

Добро, давам пауза од 30 минути.

(Пауза)

Седницата ќе продолжи во 14,00 часот и ќе продолжи до 17,00 часот, а стенографските белешки ќе бидат поделени по пратенички групи.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот. )

Збор има пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Очигледно дека паузата се оддолжи, така што во помал број не сме биле никогаш. Но, во ред.

Почитувани пратеници, господин Положани.

Врз основа на поднесената интерпелација за вашата работа во

Прво, која се потенцирани неколку клучни ваши грешки во работењето, како што се: катастрофално лошото менаџирање на проблемите во образованието и поради тоа што има по изразена тенденција за намерно и од политички причини мотивирано креирање на проблемите во образованието.

Второ, дека директно сте одговорни што основните и средните училишта работат без дневници, а за изборот на оние што ги правеле дневниците има сериозни индиции, дека имаат направено криминал.

Трето, дека намерно ги предизвикувате проблемите во основното и средното образование, преку необмислено и произволно отворање на нови паралелки на албански јазик во училиштата во Битола и Скопје, нерешавање на проблемите во Шемшево и Куманово па со овојчин директно се нарушуваат меѓуетничките односи во РМ.

Четврто, директно сте вклучен и одговорен за неуставната промоција на парауниверзиетот во Мала Речица, како трет универзитет, а во Тетово веќе функционира Штуловиот универзитет или факултетот за Југоисточна Европа каде што според Охридскиот договор наставата се одвива и на Албански јазик.

Петто, дека има директни злоупотреби и во Фондот е уплатено 78 иљади Еврар за дератизација и дезинсекција на двапати, оваа година.

За сите овие обвинувања, читајќи го и слушајќи го вашиот одговор што ни го нудите, како на пратеници, мислам дека сме се обратиле до погрешен човек. т.е. до човек кој не е од тука и со кој разговараме за две паралелни работи и различни, кои немаат допирни дочки една со друга. Но, можеби вашите капацитети се толкави која е одговорноста на оној што ја постави, Бранко Црвенковски.

Во својот одговор почнувате со една политички тешка изјава дека сте работеле на стабилизација на политичко-безбедносната ситуација во државата, како основач за долгорочна стабилизација на нашата држава, чије што реализација ќе отвори јасни перспективи во правец на Евроатлански интеграции. Ова како фраза е многу тешко издржано, но заборавате г-дине министре кој ве предложи на тоа место. Заборавате дека Вие со вашата ОНА или УЧК ја предизвикавте војната во 2001 година, борејќи се против Уставниот поредок на РМ, а сега сте на браникот на Уставот и опологент за одбрана на РМ. Со ваквите решенија, не само што не сме блиски до ЕУ, туку не оддалечувате со светлосни години.

Тука многу вешто говорите за навремената реализација на Рамковниот договор што претставува интеграциона компонента, но на начинот на кој вие работите, вие вршите гетоизација, а не приближување меѓу националносните и македонскиот народ. Секогаш говорите за правата на националностите и дека се грижите за нивна реализација. Но, имате проблем зошто вие говорите и работите само за албанската националност, а за останатите, како голем поборник за образование на 21-век, ич мува не ве лази. Значи, вие гледате да го подигнете образовното ниво на албанската етничка заедница, а со тоа што правите никаде, ниту слушнав, ниту видов некои чекори за мултиетничко општество. Никаде ги нема турската, ромската, влашката спрската и другите етнички националности.

Што за ова мисли вашиот тутор г-динот Црвенковски. Ако и тој се согласува со вашиот начин на работа и ова што вие го правите, тогаш треб афда си одите заедно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинуван г-дине Мавровски, ова е интерпелација на г-динот Положани а не доверба на Влада и на на премиерот.Затоа внимавајте.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас сакам да ја лоцирам грешката, г-дине претседателе,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Лоцирајте ја грешката кај министерот, ве молам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро.

Но, да почнам со ред, со она што вие таксативно ни одговарате:

Лошо менаџирање.

Кажувате дека сте наследите проблеми, како што се: лоши училиште, зголемен број на часови, мултиетнички конфликти, дадени ветувања за изградба на нови објекти и спортски сали, затекнат наставен план за гиманзиско образование од учебната 2001 до 2002 година, отсуство на елементарна комуникација на релација Министерство за образование и наука и високообразовните установи и ред други аномалии. Значи, ова се проблемите што сте ги наследиле, како што говорите, а заборавате да кажете дека претходните 4 години се поправени, репарирани, а некои и реставрирани, многу основни училишта и средни школи, што не беа години со ред наназад, воопшто гибнати.

Во средното образование беше донесена стратегија за работа, а ова што сега го правите со високото образование, ќе проговиме малку подоцна.

Вие за ова кратко време, како што кажувате, ги разгледувате сите реални потреби и барања и истите ги реализирате. Што реализиравте г-дине Положани, дали изградба на нови училишта, спортски сали или пак еден компјутер во училиште кој има 200 деца е големиот успех.

Како успех говорите за намалување на бројот на часовите, намалување на бројот на учениците во паралелките, вработување на стручни кадри и тоа: хигиеничарки, сигурно овие претходните беа многу нестручни, па моравте да ги промените, па се до стручни лица, со партиски книшки кои заменија луѓе кои беа на работа седум и осум години.

И последното што го правите е процесот на рационализација. Во кој што 4% од вработените се бркаат од работа, а на нивно место според некои договори се вработуваат луѓе од албанска националност.

Работите на децентралицација, како инструмент за зајакнување на локалната заедници по европски терк. Но гледајќи што направивте на национално ниво, тешко на тие локални самоуправи и заедници, како ќе го водат школството со овие средства кои вие ги предвидовте и со кои сега во моментов работат.

Усвоивте измени и дополнувања на наставниот план во гимназиското образование во јуни 2003 година, кои како што кажувате претставува краткорочно решение за подобрување на неповолните состојби. Но, за жал, тоа краткорочно решение сеуште трае и понатаму ќе трае, па води до една тотална хаотична состојба.

Во сферата на високото образование формиран е совет за развој и финансирање на високото образование. Донесени се нови нормативи и стандарди за основање на нови високо-образовни установи, што еве, ги гледаме денеска, со предлог точка на дневен ред за основање на тетовскиот универзитет, а критериумот е, како што кажаа луѓето од науката, како да се формира земјоделска задруга, но и тогаш ќе треба одговорност.

Говорите за тотална негрижа на претходната власт за студентскиот стандард и тоа го гледате во тоа што таа, после низа години изврши интервенции и поправки во голем број студентски домови, дека студентите плаќаат нереално ниски цени за сместување и исхрана, а вие сега, водејќи голема грижа за сето тоа, и посебно за студентите, им ги покачивте цените за сместување и исхрана, ги намаливте стипендиите и студентските кредити, голем дел од нив се укинати, ги сместивте вашите шофери од ДУИ во студентскиот дом Кузман Јосифовски - Питу. Направивте

се, да земете да земете од студентите и учениците, така што и книшките кои во моментов се штампаат во некои шапилографи, ќе чинат 150 денари, а од друга страна говорите дека е без преседан, од 11 милиони германски марки дури 4 милиони да се потрошат за оручје, а не за изградба за средно музичко училиште, медицинко училиште, Никла Штејн во Тетово и гимназијата Зеф Љуш Марку од Скопје. Но, треба да знаете друго, дека поради вашето непримерно однесување, како ОНА, УЧК, рушење на Уставниот поредок и буквалното рушење на државата, така што сега не може да се поправат ниту оние основни училишта кои Вие ги рушевте во воените дејствија. Затоа, без преседан е човек како вас, сега да биде министер за образование.

Колку средства издвоивте за науката и научните проекти во оваа 2003 година, и колку имавте побарано во претходниот буџет во кој ви беше одобрено од премиерот.

Второ, во врска со дневниците, кажувате дека сте распишале тендер за јавна набавка и тоа на 29.06.2003, во Службен весник во РМ, а на 30.06.2003 истиот тој оглас беше објавен во дневниот весник Дневник. Постапката на избор беше извршена по пат на отворен повик и до тука е се во ред. Но, сега започнувате со игрите.

Тврдите дека во месец јуни се усвоени измени и дополнувања во наставната програма и затоа сте ја промениле тендерската документација, но вие тендерот го распишавте, г-дине министер, на крајот на месец јуни. Така да во оваа јавна набавка сте можеле да ги напишете овие промени. Но, сега Ви е ја поништувате јавната набавка и распишувате повторен повик на 8.08.2003 и на 25.08.2003 ја имате избрано фирмата “Логос - А”, чии газди случајно се многу блиски до ДУИ, а со тоа и до власта. На сите поплаки на фирмите кои тврдеа дека во тој ред во кој ветуваше фирмата “Логос-А” дека ќе ги заврши работите, нема да биде во можност, за вас тоа ништо не значеше. Фирмите кои пред тоа го работеле и кои се технички оспособени за оваа работа знаеја и за цената и за техничката неспособност за овие луѓе да ги завршат овие дневници и иститe дненвици стсигнаа после три месеци, во средните и основните училишта. Сето тоа оди на ваша душа, г-дине министер.

Во однос на средното образование и отворањето на паралелките во Битола и Скопје, не говорите, речиси ништо. Кажувате само за некои фрази и повторно нудите единствена алтернатива дека тоа е она што го нудите. Значи немаме ни алтернатива.

Би сакал да проговорам тука за паралелката во Битола, со хронологија, и оние грешки кои вие лично ги направивте и во било која држава во ЕУ кон која тежнеете, во вашите кажувања, ќе треба под хитно да заминете, а не да очекувате интерпелација од пратениците. Зошто го говорам ова:

Прво, со оглед на околностите, господине Положани, не можеме да зборуваме за постоење и спроведување на национална стратегија, ама може да се концепира една македонска државна стратегија во образованието, што требаше вие да го направите и што до ден денес не го видовте. Вие господине Положани комплетно ја потврдивте својата неукост во Секторот образование.

Што имаме сега: хаос во образованието, и се што е насочено од ваша страна, кон се друго, освен кон унапредување и развивање на воспитно-образовниот процес. Така имаме политизирано образование во сите свери. Во Битола имаме учебна година со многу лош старт, што директно, според сите норми, правила и логика, се одразува на квалитетот на воспитно образовниот процес, што пак несомнено резултира со лош успех на учениците, нивна немотивираност. Со еден збор хаос.

Кога веќе сум кај Битола, сите инфорамции што ги имам говорат дека подрачната единица на Министерството за обрзование, воопшто не функционира и тоа оди на салдото на г-динот министер, затоа што тој, очигледно, не може да воспостави основни базични компоненти, а не да се зборува за некаква унапредување и развој.

Случајот со албанската паралелка во Битола, влегува во специјалните хирови на министерот. Тој не само што се стави над сите, и законот и неговите соработници, тоа во случајот со албанската паралелка во Битола, ја прегази државата. А најспецифичниот и најстрашен момент, истовремено е манипулацијата со средношколците. Министерот Положани со својата егзибиција, наречена албанска паралелка, директно атакуваше на загарантираното право на средношколците. Право на образование. Како доказ дека албанската паралелка се уште постои и функционира, е податокот дека неколку мина ученици, припадници на албанската етничка заедница, кога беше најавено отпочнување на настава на паралелката, ги подигнале своите документи од државното средно училиште Таки Даскалот, а до денес не се вратени во редовниот образовен систем, што говори дека тие своето образование го продолжиле таму.

Навистина, има многу аспекти да се зборува за проектот на Положани. Албанската паралелка во Битола, најпрвин страшна манипулација на учениците и

од албанска и од македонска националност, а дури потоа обид за демографско освојување на Битола.

Што всушност се случи со Битолската паралелка?

Г-дине Положани, бидејќи сакавте конкретни работи, јас ќе си земам за право да ве потсетам на колку грешки или колку парадокси направивте, само со една одлука и со едно формирање на оваа паралелка:

Г-динот Положани, министер за образование донесува решение број 11/529201 од 4.09.2003 година, потпишано од него лично, за отворање на гимназиска паралелка во основното училиште Гоце Делчев.

Прв парадокс, се отвора гимназиска паралелка во основно училиште.

Втор парадокс, според член 2 од Законот за средно образование, гимназиско образование се формира со планови и програми, донесени од Министерството за образование и наука. Во случајот, г-дине Положани, која изостанува.

Трет парадокс, според член 53 во Законот за средно образование, запишување се врши по пат на конкурс, кој се објавува најдоцна до 31 март во средствата за јавно информирање. Во случајов, тоа повторно застанува г-дине министре.

Четврт парадокс, учебната година во средните училишта пожнува на 1.09. а завршува 31.08., а министерот Положани, решението за основање на гимназиска паралелка ,го донесува на 4.09.2003 година, 4 дена подоцна од започнувањето на учебната година.

Петти парадокс, формирање на средно училиште се заснова според одлука на Влада. Таква одлука од Влада не доби никој.

Шести парадокс, според член 11 од Законот за средно образование, за основање  на државна паралелка, потребни се следните предуслови:

1. Да постои потреба од тие кадри во државата.
2. Да се обезбедат средства потребни за работа.
3. Да се донесат сооветни планови и програми.
4. Да се обезбеди простор, соодветен кадар по сите предмети и да се обезбедат доволен број ученици според педагошките норми.

Седми парадокс, бројот на учениците треба да биде не помал од 25, за отворање на паралелка.

Во 2002 година во Битола завршиле основно образование 45 деца албанци, од кои 11 се одлични, 14 многу добри, 18 добри и 2 доволни. 80% од овие ученици се

интегрирани во средните училишта во Битола каде наставата ја одржуваат заедно со своите врсници македонци.

Осми парадокс, запишување на учениците, регулирано по член 53, се врши по пат на конкурс кој се објавува најдоцна до 31 март, а во средствата за јавно информирање тоа не е сторено.

Деветти парадокс, Министерството поднесувај барање до Подрачната единица за согледување на условите и техничките услови за отворање на паралелка истото не е сторено.

Десети парадокс, наставата која се одржува во посебни училишта треба да ја вршат наставници со непомал педагошки стаж од 10 години. Во случајот се ангажирани лица за кои ќе ви кажам што се:

Професор по информатика, со завршен технички факултет во Битола, ВИ степен, отсек енергетика, средно оценка 6,79 стручен назив Електротехнички инжењер.

За предметот музичко образование завршен факултет за културологија, при Академија за уметностите во Тирана. Дипломата не е носрифицирана.

Математика и ОТП, завршен технички факултет, диплома ВИИ степен, отсек машински, стручен назив дипломиран машински инчењер кој 23 години има работен стаж во алатница во ф-ка за фрижидери ФРИНКО-Битола.

Тоа се тие стучњаци кои треба да ги учат децата и да ги произведат во уште поголеми стручњаци од самите нив.

И покрај тоа паралелката диво функционира по приватни објекти, но со државни клупи, инвентар и училишни помагала. За ваша информација, во општина Битола има 2,45% албанци, а со ова ниту по Рамковниот договор нема услови за отворање албанска паралелка во Битола. Значи, бројот на другите националносати како што се Ромите, Власите се тука негде и Турците исто. Значи, за тоа воопшто не покажавте некој поголем интерес дали тоа ќе биде или нема да биде.

После сите овие ситуации, после овие сите парадокси што ви ги искажав, мислам дека вам ви требаа факти и аргументи. Фактите и аргументите ги слушнавте. Ако воопшто имате нешто стручно да разберете, тоа е тоа.

Но, после ова се случија причинско-последични случувања и тоа е револтот на основците во Основното училиште “Гоце Делчев”, револтот на родителите што не дозволија наставата за средно образование да продолжи во основно училиште. После тоа се случи револт на Управата на Основното училиШте “Гоце Делчев” каде

што имаше многу закани до самите директори, физучки напад на тројца средношколци, македонци од кои едниот беше потешко повреден со нож, силовање на малолетник од страна на тројца ученици албанци, револтот на средношколците, спонтаното нивно организирањ, формирање на невладина граѓанска асоцијација за борба против анархијата, формирање на легитимно Координативно тело на средношколците во Битола и вербални закани на овие членови. Сето ова г-дине министре со вашата Одлука од 4.о9. на која што се повикавте и се повикувате да ја формирате паралелката во Битола. Ако ова не е доволно, ако сето ова кажува малку за вас можам само да ви се извинам. Но, мислам дека и премногу е само ова за да можете да си одите.

Имате друга грешка тоа беше"Арсени Јовков", скопското економско училиште, што како и претходниот заврши со физички пресметки. Но, тука се заври со физички пресметки меѓу учениците на крајот и меѓу професорите и тоа сеуште трае, со огромна нетрпеливост, не спокојство и страв меѓу учениците. Вослучајот на "Арсени Јофков" г-динот министер применува поинаков рецепт од оние во Куманово и Слупчане. И покрај тоа што нема просторни услови инсистира учениците да учат заедно. Тоа личи на долгорочна стратегија за освојување на простор, а тие што ќе го напуштат просторот, не е тешко да се погоди, ќе бидат учениците македонци. Затоа , она што го најавивте како соработка меѓу пооделните минситерства, сигурно не мислевте на Министерството за образование и Министерството за внатрешни работи, каде што на училиште, за секој ученик, сигурно дека ќе задолжите по едно лице од Министерството за внатрешни работи, па тој да биде начинот како тие продолжат со учењето. Мислам дека тоа не ви беше целта и да не даде Господ да се случуваат такви работи.

Понатаму г-дине Положани, со високото образование.

Високото образование, прво би сакал да проговорам за она од каде што доаѓам, тоа е Битолскиот Универзитет и она што вие таму, заедно со вашиот помошник тие ситуации ги правите. И затоа, кога  ќе ги слушнете и овие работи мислам дека она за што е оваа интерпелација , дека ќе не сослушате и ќе го направите тоа.

Значи, вашата неспособност, пренесена и на вашиот заменик на кого давате одврзани раце да прави што сака во високото образование или пак тоа е меѓупартиски договор внатре во коалицијата, во ваквиот начин, еве, ќе проговорам за неколку работи:

Божем автономноста на универзитетите што декларирате, а ни случајно не ја спроведувате вие и вашиот поданик заменикот министер, замешавте прсти во изборот на ректор на Битолскиот ниверзитет “Свети Климент Охридски “ во Битола. Така, преку вашите продолжени прсти во Универзитетот избравте Ректор по чиста случајност од Прилеп, од каде е и Теле Герамитчиоски, а покрај тоа и двајцата проректори Добри Петрески и Науме Мариноски, исто по чиста случајност се членови на СДС и активисти.

Дури, да се обезбедите од било какви изненадвуања и останатите кандидати за проректори се со членска книшка на СДСМ или на вашите коалициони партнери, како на пример Стојна Ристеска член на ЛДП и претседател на жените на ЛДП во Битола.

Вашата продолжена рака , имајки ја моќта на неконструктивноста со вашата политика и занемарувајки ги битните државни институции како Државниот просветен инспекторат кој, и покрај укажувањата и наложувањата за неправилност во постапката на избор за научни звања, истите ги врши незаконски. И тоа, со негов амин се извршуваат избори во вонредни професори за рок од 6 до 7 месеци од кога истите биле избрани во доценти. Според Законот за високо образование, титула вонредне професор се стекнува во временски рок од 5 години од изборот во доцент или во исклучителни ситуации, научни работници кои имаат вонредни достигнувања во својата научна област, за што се сомневам. Ваков случај има на Битолскиот универзитет и тоа на Факултетот за учители и Био-техничкиот факултет.

Во исто време вие вршите вработување на работни места помлад асистент, услов, секако е членската партиска книшка, скоро на сите факлултети, а притоа занемарувјки ги основните правила за избор на такви кадри кои треба да поседуваат студентски просек над 8 и познавање на странски јазици. Поради тоа што овие услови не се исполнети, од наши извори дознаваме дека Републичкиот просветен инспекторат ќе ги поништи овие избори, ако вие не се ставивте и не дозволивте да се поставите над законот, како што го правевте многу пати до сега.

Од друга страна, г-дин минситер, подржувате луѓе на декански функции кои се соочуваат со десетици прекршочни и кривични пријави за злоупотреба на службена должност. Дозволувате финансиско исцрпување на и така ицрпениот студентски стандард со незаконско присилување на студентите за купување на ЦД- а со цена од 400 денари кој наводно биле материјал за спремање на испити. Иако содржината на ЦД-а е класичен плагијат од учебник на еден хрватски автор. Исто така се

дозволува преку вашите полтрони, да се врши класичен фалсификат на документи издадени од Министерството за внатрешни работи, со кој се докажува датумот и годината на раѓање за една единствена цел. Дотичен професор за да биде задржан во работен однос иако ги исполнил условите за пензија. Самоволно финансирање на професори кои се блиски на вашата власт, по основ на интерни правилници и тоа на терет на останатите вработени. Од друга страна, не реагирате на класичен нечовечки однос, спрема ваши неистомисленици и превземање на драстични непопуларни мерки. И да бидам конкретен сето ова се случува на факултетот за учители, Био-техничкиот факултет и Техничкиот факултет од Битола.

Вие, г-дине Положани не го почитувате Решението број 122073/2 од 24.04.2002 година за доделување на користење на работен простор на Факултетот за учители за извршување на дејност обука и усовршување на наставниците од Република Македонија . Истиот тој простор, наместо да биде користен за тоа што е наменет Вие го давате на користење на некои јасли “невладина организација” што е слична на вашатаа пртоа, а се работи за просториите на познатиот Пионерски центар “Трајче Маглоски” од Битола. За истото постои решение кое, ако не го знаете јас ќе си земам за слобода да ви го дадам после седницата.

Друго што сакам да проговорам е тоа што го оставив за на крај, а можеби беше и за на почеток, пошто денес имаме една друга точка на дневнито ред, тоа е формирањето на Тетовскиот универзитет и високото образование. Вие, на овој начин сакате на мала врата парауниверзитетот од Мала Речица за кој оваа Влада и овој ист премиер велеше дека е журка или приватна забава на одредени лица. На таа забава тој интервенираше со не знам колкав број на полицајци и во случајот имаше и жртви и повредени. Но, сега се случува некоја трансформација во неговото размислвуање и мисли дека , што е уште пострашно, не само што мисли, ја убедува јавноста дека тие луѓе во овие 8 години студирале редовни студии со незнам какви професори, не знам во какви услови, не знам со какви наставни помагала и сите тие сега наеднаш добиваат дипломи, а по Охридскиот договор треба сите да се вработат. Можеби вашиот живот ќе дојде во нивни раце, како што се доктори, инжињери, професори, така што треба да се размисли многу добро.

Сега, по сето она што го кажав за студентскиот стандард, за она што претставуваше Буџет за 2003 година, по она што го гледаме секој ден отпуштање од работа и сега вие немате место за оние од националностите кои имаат високо образование. Што ќе биде кога овој прилив енормно ќе се зголеми? Каде истите ќе

се вработуваат? Јас незнам колку е економски и стопански, можеби не сум доволно информиран, но колку се развиени подрачјата како што се Куманово, Тетово, Гостивар, Дебар за да имаат толку енормни потреби, покрај постојниот Универзитет за Југоисточна Европа, на кој што се школуваат албански кадри да се отвори на неколку стотина метри уште еден универзитет на албански јазик. Сега доаѓаме во ситуација или да имаме преголема концентрација на интилигенција, или се случува нешто друго. Ситуацијата, албанското малцинство да може да студира дури на 4 универзитети во Република Македонија и тоа на двата во Битола и во Скопје, дури со позитивна дискриминација да се запишува пред сите и со полоши резултати од макеоднците студенти, јас незнам што понатаму.

Но, за да отворите еден универзитет треба да исполнит еи многу предуслови. Читајки ги оние информации што ги добиваме од комисиите, само за да го опремите, не се работи , тука се манипулира со една бројка од 3 милиони евра од државниот буџет, но сето ова да се донесе во некоја состојба за работа ќе бидат потребни некаде околу 15 илајди евра, а не 3 милиони. И начинот на кој што почнува да работи тој универзитет, со упадот на некои команданти во Тетово, освојвуање на простор и простории и на тој начин прогласување на универзитет, дава за право утре секој да си земе за слобода и размислвуање да отвори универзитет кој каде сака, да почне со приватна забава за која што многу скоро државата ќе се заинтересира и ќе ни даде на сите за право да почнеме да се школуваме на некој јазик кој што ние сме го избрале за наш.

Еве, деновиве се слушаат многу интервенции од студентските организации, денеска слушам дкеа сите средношколци, незнам дали е тоа ваша наредба или наредба на директорите без да знаете вие , се забранува излегување од сите простории од средните училишта. По факултетите слушаме само известувања, но тие што известуваат, претставниицте на студентите кажуваат дека требале да бидат информирани и дека ќе разговарале со вас и со институциите на системот.

Јас мислам дкеа студентите имаат толку проблеми за оваа годинаипол, вие не сте нашле ниту еден момент да разговарате со нив, ниту за студентските прашања, ниту за студентскиот стандард, ниту за Буџетот што го донесовме за 2003 година, во кој што беше се намалено , каде што сите амандмани од опозицијата многу глатко ги одбивте. Сега кажувате дека ќе го пополнувате црниот фонд со парите што треба да ги даваат студентите и сега наеднаш се најдовте во улога да разговарате со тие

студенти, да им понудите решение да им кажете дека тоа не е така како што се кажува.

Да знаете, она што сакате да го извлечете од сета оваа дискусија дека опозицијата е против учењето на мајчин јазик, имаме тука проблем. Јас ќе се вратам уште еднаш, затоа што зборуваме за малцинства кои живеат во Република Македонија , а вие зборувате само за едно малцинство. Тука е нашиот проблем. А, доколку најдете некое малцинство во сите држави на ЕУ да ги имаат правата како што ги иамте вие во Република Македонија , мислам дека ќе имаме едно големо извинвуање, но очекував дека еве заедно со вас ќе проговориме и за усвојување на сите правила , на сите начини како малцинствата ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г-дине Мавровски.

Г-дине Хасипи јас сепак сакам да го дослушам г-динот Мавровски.

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Уште малку.

Затоа што мислам на овој начин веќе треба да се обратиме до усвојвуање на правата на сите овие малцинства кои живеат во нашите соседни држави.

Затоа г-дине Положани одете си и размислувајте за тоа за што сте се оспособиле, ако сте се оспособиле. Очигледно дека образованието како лекар го доведовте во кома состојба. Затоа оставете вие и вашиот премиер, додека има време нешто да се стори, пациентот да се анимира. Ова е најдобра порака. Сакавте факти, сакавте аргументи. Мислам дека во овие половина час време се обидов да ги образложам. Ако имате малку доблест на некој министер, мислам дека е доволно самиот да си заминете.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

За реплика се јави пратеникот Најдовски Слободан.

Повелете, имате три минути.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам. Не е толку репликаколку што сакам да кажам , да исправам неколку податоци што ги изнесе мојот почитуван пријател Мавровски.

Прво, мислам дека не е коректно да се спомнуваат имиња на луѓе кои не се присутни во Парламентот и посебно да се изнесуваат невистини да не им се нанесува штета. Не сакам воопшто да полимизирам со ставовите што ги изнесовте за г-динот Положани самиот нека си одговара, нека негира или потврдува факти, но јас сакам да ги кажам следниве три работи:

Прво, околу паралелката што беше отворена во Битола. Својот став го изнесов уште кога се отвори, прв реагирав и сметав дека не псотојат критериуми и услови за отворање на таква паралелка, а не без некакво мислење дека имам нештопротив учењето на албански јазик. Тука г-дине Мавровски се согласуваме, но не се согласуваме за едно. Вие кажувате дека сега г-динот Положани јаотворил. Треба да кажете дека пред 2 години, тогаш вашиот коалиционен партнер предовден од г-динот Неџипи, тогаш Положани беше во ДПА, ја отворија првата гимназиска паралелка во Битола. Но, ве немаше како ВМРО-ДПМНЕ тогаш да реагирате во Битола кога сите ние останати реагиравме.

Втора работа, ја споманвте госпоѓа Стојна Ристеска како член на Либерално демократската партија дека била проректор на Универзитетот. Информирајте се добро. Стојна Ристеска не е ниту проректор, ниту ништо во Универзитетот , туку Стојна Ристеска е член на Сенатот многу поодамна него пред да стане кандидат за пратеник од ЛДП. Таа е доктор на науки, долгогодишен професор на Високата медицинска школа. Сметам дека за тоа да се извините.

Последната работа, околу изборот на ректор на Универзитетот. Сакате да прилепите нешто што нема ама никаква врска. Само да ве потсетам, сегашниот ректор, госпоѓа Пановска, угледен професор од Прилеп беше проректор на Универзитетот во Битола по предлог на поранешниот ректор, високо котиран член на ВМРО-ДПМНЕ, г-динот Маслинков. Тогаш, не ви ли сметаше таа госпоѓа Пановска? Што значи дека непотрено импутирате партиска припадност на еден угледен професор.

На крајот на краиштата вие знаете како беше изборот на ректор во Битола и не смеете на Универзитетот во Битола да му нанесувате вакви невистини што само можат да му наштетат.

Ви благодарам.

ЉУПЧИ ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Мавровски , контра реплика, една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

И покрај тоа што се обиде да демантира, јас мислам дека ништо не демантира, значи се согласува господинот пратеник дека албанската паралелка не треба да работи во Битола, таа и понатаму работи. Тоа што зборува за пред две години дека е отворена паралелка од ВМРО-ДПМНЕ, ако беше отворена, сега господинот Положани немаше повторно да ја отвора, значи, не се отвори паралелка во Битола.

Друго, можете слободно да му ги дадете стенографските белешки каде многу јасно зборувам  меѓу останатите кандидати за проректори се со членски книшки на СДСМ или на вашите коалициони партнери како на пример Стојна Ристеска, член на ЛДП и претседател на жените од ЛДП во Битола, што исто така не е демантирано. Јас не кажав дека е проректор, туку еден од кандидатите за проректор. Мислам дека е лошо импутирање на такви невистини по завршен говор, мислам или нема концентрација или се сака нешто да се направи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Беше точно минута.

Збор има пратеникот Хусеини Хусеинџеват, а по него нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Почитувани колеги, почитуван министре,

Јас лично Азис Положани го ценам како најуспешен министер во Владата на Република Македонија. Ме изненадува и мислам дека е сосема неприфатливо обвинението потпишано од пратениците кои бараат интерпелација, бидејќи министерот за образование ја воспостави врската која беше откината во образованието што дејствуваше во оваа држава, министерот воспостави ред во Министерството, а над се создаде работна атмосвера и колегијална хармонизација во самото Министерство.

Министерот со својата педантност врз основа на законот и Уставот направи реконструкција во Министерството иако со навистина скромен буџет инвестираше во изградба на училишта или реконструкција на објекти, руинирани објекти таму каде што најмногу имаше потреба.

Отвори нови паралелки таму каде што со Закон се предвидуваше, тоа значи го импонираше законот. Она што можеби заборави, а и јас го заборавив дека пироманијата може да се појави и како манипулација со учениците.

Министерот доби високи оценки во Советот на Европа за направените реформи во средното и високото образование.

Врз основа на Извештајот што го поднесе во Берлин за Болоњскиот процес каде што се оценуваа успесите во високото образование, Македонија стана членка на овој европски процес. Министерот има покана од голем број европски земји за да предава на средби или на конференции посветени на процесите на изградба и модернизација на образованието.

Министерот успешно ги заврши Спогодбата со Светската банка и Владата на Данска за нови грантови во образованието. Германската агенција ГТЗ го прошири својот проект и го продолжи рокот на проектот за помош на Македонија.

Министерот и неговата екипа се обидуваа за надминување на опкурантистички менталитети во оваа област и така ни дава можност да дадеме заеднички придонес за да се насочиме кон вистински квалитет во образованието на сите нивоа, бидејќи тоа навистина ни недостасуваше. Недостасува и во образованието на Македонците, бидејќи не е мој изум ниту на албанските студенти, туку на македонските студенти ова мислење. “Учи да знаеш, плати да положиш”.

За жал, и кај нас имаме вакви проблеми. Ова што го набројав не докажува анархија, туку сериозен и успешен обид за регулирање на хаотичната состојба наследена од претходната Влада која со буџетски средства и не само ова Министерство, значи ја наполни Македонија со “Потемкини села”.

Но, по се изгледа дека опозицијата има потреба уште еднаш да игра на картата на уништувачката анти албанска карта, бидејќи постигна успех во сето ова со партиски успех во една ваква анти албанска кампања во 1997 година со протестите против Педагошкиот факултет. Можеби тука има потреба за лансирање на нови млади политички ѕвезди како што тогаш беше Филип Петровски. Но, треба да прифатам едно унапредување јасно, тогаш се предлагаше гасни комори за албанците, а сега се стопира високото образование со образложение за божемно неквалитетно и невалидно образование.

На крајот, од името на родителите на студентите и учениците на министерот му се заблагодарувам на досегашните успеси, но го обврзувам со натамошна

работа, бидејќи пред него стои уште многу работа во овој сегмент кој е многу деликатен.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Жарко Караџоски, а по него е пратеникот Славица Станковска.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Ова ни е прва интерпелација по една година од формирањето на новиот состав на Парламентот, еве дискутираме и за интерпелацијата која пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја достави до сите вас, а која се однесува на министерот Азис Положани.

Да бидам искрен еве размислувам од каде да почнам, имаме толку работи за кои треба да се прозбори и се прашувам од каде да почнам, меѓутоа, би почнал од таму каде е можеби најинтересно, најзвучно и онаму каде министерот ќе треба навистина да даде повеќе одговори.

Инаку, во основа, мора да констатирам една работа, ВМРО-ДПМНЕ на една своја прес конференција искажа дека многу министри од оваа Влада на начинот на кој работат навистина заслужуваат интерпелација, ние се решивме првата да биде за г. Азис Положани, тоа го крстивме на начин дека ови лоши министри кои седат во оваа Влада се на некој начин елементарна непогода за Република Македонија, а насловот со број еден му го дадовме на г. Азис Положани. Повеќе пати сме го образложиле и ако по нешто овој министер се издвојува по нешто позитивно, има врвно место во делот на она што ние го викаме елементарна непогода.

Би сакал да почнам од она каде што можеби јавноста долго време беше запознавана, тоа е фактот што министерот за образование и наука на два пати потпишал решение за одобрување на огромни финансиски средства за извршување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација во вредност од околу 78 илјади евра, средства со кои би се уништиле сите инсекти во Македонија.

Слушнавме образложение од министерот, слушнавме оправданија во сите овие случаеви секогаш се повикуваме на тоа дека некој претходно ги правел,

меѓутоа, јас за волја на вистината би сакал само да укажам на неколку, ако се воопшто неколку документи ги имам овде пред мене.

Почитувани колеги, почитуван министре,

Ова е решение за одобрување на средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на Студентскиот дом “Никола Карев” од Охрид за таа и таа намена се одобруваа финансиски средства во износ од еден милион денари, потпис Азис Положани. Датум, 20.05.2003 година.

Фактура број 19, датум 18.06.2003 година, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, 25.016 денари.

Фактура 08 од 18.06.2003 година 23.500 денари.

Фактура 07; фактура 06; фактура 10, сите од 18.06, сумите не ги читам, фактура 11 од 2003 година датум 5.06.2003 година, сите знаеме што значи фактура, фактура е начин односно документ врз основа на која се врши плаќање. Пред да има фактура не знам кој може да плати без уреден документ, треба да има фактура, па да се плати.

За да дојде фактура треба да има заклучница. заклучницата е доказ дека се извршила односно се договорила одредена работа. Еве ги заклучниците.

Заклучница број 3, број 3 од  14.06.2003 година да се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите лебарки итн, и други видови инсекти, да не го ограничиме, ученички дом “Никола Карев” датум 14.06.2003 година. Па заклучница број 4 со исти датум, за заклучница број 9 од 21.06.2003 година, па заклучница број 8 со пак 21.06.2003 година, број 7 и онака како што одат фактурите, број 6, да не пропуштам некоја, број 2 од 14.06.2003, број 1 од 14.06.2003, зборувам за 2003 година, 21.06.2003 година, заклучница број 10, број 5 итн, тоа е на претходните фактури.

Имаме и други фактури број 7 дезинфекција на спални соби на студенци меѓу другото таму има неколку телохранители од г. Положани, па да не ги изедат лебарките, ова е износ 114.177 денари од 18.06.2003 година, па фактура 6 со ист износ од датум 18.06. Број 4 18.06, број 5, 18.06, износите се 68 илјади, да ви читам уште или ви се здосади? Број 8 од 8.06.2003 итн, еве на Кондарко му се здосади. Да читам?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам малку посериозно.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Договорот за цесија како е платено исто за 2003 година, сега, каде е основот? Основот е во тоа што кажа министерот обврските не биле негови, туку од домот "Никола Карев", меѓутоа, ако не биле врски на Министерството, зошто го потпишувал решението за одобрување на средства. Ако не го потпишал решението Министерството немало да одобри пари. Тоа е просто како ...

Не би сакал да навлегувам кој е одговорен, зошто е одговорен, дали е одговорен итн. Ние како пратеници почитувани колеги треба да направиме едно разграничување. Како партија излеговме на прес, ги соопштивме овие работи во духот на оваа Влада и ова парламентарно мнозинство сите сме против корупција, што некој  во виц ќе каже ја уништија корупцијата, што ќе правиме сега, меѓутоа, бидејќи се бориме против корупцијата, она што ние како сознание го имаме сме го добиле од овде или од онде сме должни и пред јавноста и пред ова парламентарно мнозинство но и пред Владата која се декларира дека не знае што е корупција, да ги изнесеме сите оние факти и аргументи со кои ние располагаме. Ние тоа го направивме. Веднаш да се разбереме. Овој Парламент не е суд, а уште помалку јавно обвинителство. Има институции на системот кои ќе утврдат дали г. Азис Положани е кривично одговорен или не е. Дали постојат аргументи да се утврди негова вина или не итн. Овде сакам да ве насочам за што дискутираме. Ние дискутираме за политичката одговорност на г. Азис Положани затоа што 78 иљада евра за уништување на лебарки е навистина премногу. Тоа го имаме ние како сознание. Кога ќе одговара, како ќе одговара ќе утврдат институциите на власта. Од тој аспект водејќи се од ова решение и овие фактури што гледаме со кој датум се, побаравме политичка одговорност, тие документи ги доставивме до надлежните институции, тоа се Јавното обвинителство, Антикорупциската комисија и она што ќе си го прават органите нека си го прават, тоа е нивна работа, но ние како политичари не можеме да бегаме и не треба никој да се лути ако прозбориме за ова што ние го имаме како аргумент.

Значи, зборувајќи од тој аспект сакам да кажам дека ние се сомневаме во тоа што сметаме дека г. Азис Положани допуштил одредени средства да појдат онаму каде што вистинската намена не им била, затоа што сметаме износто на средствата е далеку над она што треба да се очекува.

Толку за лебарките, одиме понатаму.

Зошто бараме интерпелација значи, едниот проблем беше случајот со многу стручно ви го кажувам дезинфекција, дезинсекција и дератизација, ќе го викаме за лебарките и со тоа завршивме.

Втор случај на кој не можеме поинаку, а да не ги коментираме настаните кога и покрај демагошките заложби на Владата при самото нејзино конституирање за разрешување на проблемот со Основното училиште во Шемшево до денес сеуште нема никакво решение.

Што е случајот Шемшево накратко да ви го опишам, да немате случајно заборавено.

Во случајот на Основното училиште Даме Груев од селото Шемшево кое беше беспревно преименувано во Основно училиште Јумни Јунузи, а подоцна во компромисното за премиерот Црвенковски, а се разбира под притосок на Азис Положани во Основно училиште - Шемшево. Иако министерот воопшто не сакаше да ги прими и разговара жителите на село Шемшево со цел за разрешување на овој проблем, тој ги избегнуваше и се разбира неговото конечно решение е отстранување на македонските ученици од ова училиште, а се со цел креирање на чисти албански училишта. Случајот Шемшево е до тука.

Понатаму, ние ова го сметаме како дел од една политичка одговорност и затоа сме го ставиле во интерпелацијата за која сакаме овде отворено да дискутираме.

Одиме понатаму. Господине Положани, го отворив случајот Куманово. Од каде учениците и покрај просторните услови ги раздели во раздели во различни училишта. Толку за случајот Куманово.

Одиме понатаму. Следи инцидентот со паралелката во Битола. Настан кој што е многу експлоатиран, настан кој што сите ние добро го знаеме, настан со увезени ученици од страна и нереагирање на продолжувањето на нејзиното незаконско функционирање во приватна куќа. Сега треба да биде јасно дека денеска оваа парлалелка функционира во приватна куќа со аманет на господинот Положани. Со ова почитувани колеги се создава вештачки проблем кој реално не постои. Претпоставуваме дека се работи за меѓупартиски договор помеѓу СДСМ и ДУИ за основање на паралелка на албански јазик. За таа цел се испраќани ученици од околните градови со цел да се добие минималниот број на ученици, потребни за паралелка. За оваа состојба имаше силна реакција од страна на учениците

македонци кој јавно бараа првично промена на оваа состојба а откако пак беше воочено дека министерот Положани не сака да ја промени својата одлука учениците побараа оставка од министерот Положани. Соочени со ваквата состојба министерот за образование и наука реши да ја промени својата првобитна одлука, но сепак сведоци сме дека, односно да ја стави во мирување, али сведоци сме дека очигледно министерот Положани ја измамил јавноста, пошто таа паралелка сеуште постои и функционира во Битола,

во вид на приватни забави, а понатаму државни институции.Одиме понатаму. Ако Владата и министерот за образование и наука покажеше барем минимум разбирање за проблемите во образованието тогаш целосно безпредметни, почитувани колеги, ќе беа исклучувањата во Арсени Јовков, каде за жал имавме дури и повредени ученици. Ако Владата и министерот беа заинтересирани за унапредување на образованието ќе се погрижеа во Арсени Јовков да продолжи да функционира образовниот процес по напредната ФАРЕ програма и учениците да добијат врвно образование наместо за инает да се прават вештачки проблеми и да се уништуваат, дерогираат добрите услови кои ги нудеше училиштето, само за да се покаже дека полека но сигурно го освојуваме Скопје.

Зошто господине министер ако сте заинтересиран за квалитетот на обраованието не создадете услови и училиштето во Автокоманда од каде донесовте ученици врвни стандарди за соодветно и поквалитетно образование на учениците кои учеа таму. Значи, иако во Арсени Јовков нема соодветни просторни услови за одржување на настава, сепак министерот Положани се одлучи да внесе неколку албански паралелки во ова училиште. Целта беше, да се предизвика меѓунационални поделби, целта беше да се предизвикуваат и судири помеѓу средношколците, иако учениците од ова училиште а нешто подоцна и нивните родители јавно протестираа за разрешување на новонастанатата состојба. Сепак почитуваниот министер остана глув на овие случувања. Тој не го реши случајот и покрај сите свои ветувања.

Почитуван министер, почнав да образложувам она што се случуваше во текот на оваа измината година откако сте министер, каде што во најчест случај имате протести, реакции од средношколци, од родители, од студенти сега и така натаму. Значи ова не го измислувам ова се факти кои поминале. Вие господине Положани веројатно мотивирани од лични и незнам какви причини и интереси, ги оставивте училиштата во Република Македонија повеќе од едно тромесечие без дневници.

Дали господине министре сте свесни за проблемите што ги предизвикавте во училиштата овие три месеци. Дали сте свесни за уништувањето на институционалниот авторитет на училиштата кои не беа способни ниту да ја водат најосновната евиденција за присутните ученици. Дали сте направиле анализа на штетите кои ги предизвикавте. Тоа се прашања за кои што навистина треба да размислите и веројатно да одговорите.

Поради вашата непромислена одлука, мораше да се чека цели три месеци училиштата да ги добијат своите дневници. Така дури во месец ноември 2003 година училиштата добија дневници. Со тоа се создаде хаос во образованието, без притоа да се има регуларна основа за заведување на оценките на учениците како и изостанците. Заради што настана оваа цела состојба, јас ќе ви кажам, она што ние сметаме дека е. Тоа е резултат на желбата за профитерство на некоја фирма блиска до ДУИ, како и директен криминал, корупција, на министерот Положани. Шпекулациите дури одат до таму дека дневниците за настава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас денеска спомнав и укажав да не се спомнува криминал и такви зборови. Ќе ве молам воздржете се од такви термини.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи шпекулациите одат до даму почитуван министре, велам шпекулациите, не тврдам дека е така, дека дневниците за настава биле печатени во Албанија, што е мошне интересно за испитување и што веројатно, не сум сигурен можеби и на албански јазик.

Со вашето министерување факт е дека внесовте омраза антагонизам и конфликт меѓу учениците и од тоа неможеме да избегнеме. Сите сме сведоци дека се случија сериозни инциденти, тепачки и како резултат на тоа имавме неколку ученици со повреди. Не ја исклучувам можноста овие инциденти да се повторат и во иднина.Министерот предизвика и омраза помеѓу учениците македонци и албанци кои во иднина можат да имат и потешки последици.

Почитуван министре до нас се дојдени шпекулации, можеби е вистина, вие тоа најдобро го знаете дека вашите вооружени телохранители спијат во најдобрите соби во Студентскиот дом “Кузман Јосифовски-Питу” на сметка на многу студенти кои неможат да ги исполнат условите, или пак не им се одобруваат услови за сместување во студентските домови по чисто партиска линија по директива на претседателот од една страна ШБММ, а од друга вие. Студентскиот живот во

студентските домови денеска цените се поскапени за сместување и исхрана на студентите во студентските домови за цели 100%. А квалитетот на задоволувањето на потребите е намален. Тоа е почитувани пратеници како резултат на политика на штедење на Владата на СДСМ и ДУИ. Министерот реши да заштеди да го наполни буџетот преку директно земање пари од џебот на студентите. Тоа е најдобро решение, наместо понатаму продолжување на трендот на подобрување на квалитетот на животот на студентските домови. Тоа беше намален, а воедно беа зголемени давачките за цели 100%. Ова министерот во извештајот на Владата оди со аргумент дека покачувањето оди со 40% но не е така, заради тоа што не е 40%.

Една од најголемите заложби на министерот Положани кој што не го слушаме само како министер, тие заложби ги слушавме многу од поодамна и кога беше пратеник во сите оние партии каде беше е неговата заложба за конституирање, легализирање, како сакате наречете го на Универзитетот во Тетово, затоа што и како да го наречете тоа станува збор за еден ист универзитет. Тоа е Тетовскиот универзитет. Дали ќе се користи ваков термин или инаков, тоа е една иста работа. Што е тука пак интересно? На место господинот министер да се консултира со стручњаците од таа област, поточно со ректорите, професорите во постоечките два универзитети како за правењето на текстот на законот, така и во собраниската комисија, матичната каде што можеше во секој случај да го отвори проблемот пред сите нив рамноправно, а не на своја рака да ја извегнеме официјалната реакција на оние универзитети кои што се уште постојат, со што вршеше измена по сопствена волја. Поради тоа, почитуван министре денеска ни се случи протест кој што веројатно се додека не се донесе законот, може би ќе трае може би не, меѓутоа, протести ќе се случуваат затоа што кога една работа од таков влијателен карактер се носи треба малку повеќе консултации да се направат и да се оцени моментот кога навистина е потребно да се отвори таков Универзитет и дали воопшто е потребно да се отвори еден таков универзитет, или пак слепо ќе ја почитуваме само политичката волја на СДСМ и ДУИ, приватните забави да ги направиме реалност, поточно универзитет за кои што токлу многу се дискутира. На ваш товар почитуван министре се става и одолговлекувањето и носењето на законот за студентски стандард, со што упорно се оди на уништување на студентскиот стандард и дополнително се влошува и онака кревката економска ситуација на студентите. Намалување на стипендиите и кредитите за млади талентирани ученици и студенти, со што во корен се сече мултивацијата на младите луѓе и индиректно се насочуваат да ја напуштат

татковината. Значи повторно истата причина, штедење на Владата. Министерот и Владата одлучија да ги намалат ступендиите и кредитите за студентите. Значи негативна новина е тоа што бруцошите не можат да добијат стипендија. Со тоа тие се обесправени и нивниот мотив е намален. Наместо државата да ги стимулира и охрабрува студентите Владата, т.е. министерот Положани реши да ги демотивира и воедно да ги принуди да ја напуштат државата. Со тоа не треба да не чуди дека Македонија е еден од најголемите производители на млади стручни кадри кои ја напуштаат државата. Значи ова е при состојба кога немаме сеуште тетовски универзитет. Со тетовскиот универзитет, незнам што мисли министерот колку студенти чинеле и колку од нив ќе останат или ќе избегаат од Македонија, тоа е прашање кое накнадно ќе го дискутираме.

За катастрофалната состојба во однос на условите за живеење во студетските домови, прокиснати тавани, стари душеци, лоши санитарни јазли, искршени и застарени ивентари нема потреба да зборуваме, единствено позитивно е што немаме лебарки ниту друг вид инсекти. Иако се другото е старо, барем тоа го немаме.

За намалувањето на средствата во Буџетот за научно-истражувачка дејност и тоа е познато. Овдека господине министре можете да се вадите дека тоа не е ваша толку директна одговорност и да ја префрлите одговорноста на Владата, меѓутоа, тоа е ваш ресор, вие сте во Владата и ние вас ќе ве отповикуваме.

Да прозбориме и за други три сегменти тоа е хаосот во учебникарството, тоа е, јас незнам што е смешно министре, тоа е многу интересна работа. Јас само накратко ќе се задржам. Тоа е реформираното гимназиско образование државната матура во гимназиското образование и многу други работи, проектот државна матура. Сега искрено се мислам дали да го читам сето ова и ќе ми одземе многу време и незнам колку ќе придонесам нешто да изменам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате време.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувани колеги пратеници, министерот за образование и наука господинот Азис Положани за неполна година успеа буквално да го упропасти целиот процес на демократизација во дејноста на учебникарството кој е макотрпно граден последните 6 години. Во претходната година беа реализирани два конкурса за одобрување на учебници и тоа за 8 одделение и за 3 година од реформираното гимназиско

образование. И двата беа огромно промашување. Најпрво, доживеавме една група граѓани со закон да им биде оневозможено да ја искажуваат својата креативност и стручни квалитети, со тоа што им се забрани да се појавуваат како автори на учебници. Се разбира дека измените на законите за основно и средно образование поведени со оваа намена не ја постигнаа својата цел. Некои од инкриминираната група граѓани, вработени како советници во Бирото за развој на образованието, сега не се појавуваат како автори на учебници, туку како стручни соработници, вешто изигрувајќи го законот. Со тоа, наместо да се реши главниот проблем, дополнително се комплицира, затоа што на советниците од Бирото сега уште повеќе им се отворени можностите да бршат притисоци врз наставниците да ги користат учебниците на кои што тие сега не се ни автори. Ова е само пример како на добра лоцирана дијагноза, се применува сосема погрешна терапија. Министерот Положани воопшто не се интересира за овие проблеми, со кои се соочуваат учениците од средните училишта со советниците од Бирото кое му го довери на раководење на еден од своите послушни господинот Чами Џеладини исто така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Без имиња ве молам, кои што не се присутни.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Напротив, Положани на почетокот од оваа учебна година влета во една катастрофална грешка. Имајќи го проблемот што се појавува при дистрибуција на учебниците, притисоците и провизиите што ги нудат издавачките куќи, министерот забранува промоција и продажба на учебници и секаква друга литература во училиштата од страна на педагошки советници, наставници, директори и други лица. Тоа е со ова решение, укажување повторно по телекс каде е потпишан министерот. Така сега во училиштата врие од промотори на никеј ножеви, хулахопки и ножици со црвена точка, но се разбира дека учебници, книги и друга литература во училиштата не смее да понуди никој. Самото одобрување на учебниците за 8 одделение и 3 година гимназија е посебна приказна.

Иако во јавно објавениот конкурс убаво се инсистира на еден современ пристап, квалитет и усогласување на концепцијата за учебници, само нивните стручни лица кои се зафатија за работа комплетно да изработат учебник можеа да поверуваат дека квалитетно и навремено завршена работа е доволно за да се добие одобрение од министерот за да излезе слободно на пазарот. Како што впрочем беше до 2002 година и како што е во цивилизираните пазарно ориентирани земји.

Конкурсот за одобрување учебници за трета година гимназија заврши на 7 јули 2003 година. Министерот наместо максимално да ги ангажира случбите во Министерството ефикасно да ја завршат својата работа за да можат учебниците да бидат испечатени до почетокот на учебната година, по завршување на конкурсот почна да ги менува правилата на игра. На Бирото за развој на образованието му додели задача не само да утврди дали учебниците се соодветни на наставната програма, туку и да се впушта во квалитетна проценка на самите учебници и нивно рангирање. На тој начин настана двојство во оценувањето на квалитетот на учебниците. Секој од учебниците беше оценуван два пати, при што се разбира дојде до извесни различни мислења зашто Советот за оценување учебници во ракописи беше доведен во ситуација да не знае кој од дадените мислења како ќе го вреднува. Со тоа министерот самиот се доведе во ситуација да потпишува решенија кои му се предложени од тело во кое не мора да членува стручно лице од областа на која се однесува соодветниот учебник и која пред себе нема јасно дефинирани критериуми според кои ќе ги земе предвид даденит емислења на стручните комисии. Посебен извор на бисери е Педагошката служба на министерот за образование и наука за чиј директор е поставен послушникот на министерот Положани, не спомнувам ни имиња. Несфатливо е како може министерот да не реагира на неконтролираните изјави на директорката на службата дадена во националните медиуми во кои таа ја негира определеноста на Министерството за демократија и пазарна економија. Може само да се заклучи дека и самиот министер Положани се согласува со тезите дека во принцип најдобро е да постои само еден учебник по секој предмет, но ете да има демократија. Не дека така треба, министерот допуштил минимум два.

По завршувањето на конкурсот се објавува дека на пазарот нема да се допушти секој учебник кој е изработен во согласност со Конвенцијата за учебници и задоволува минимум критериуми за квалитет, туку по непознат клуч, по субјективна процена на петмина членови на Советот ќе бидат определени точно два учебници по секој предмет. Тоа што издавачите и авторите вложиле труд, време и пари за одредени господа особено за господинот Положани не е важно, бидејќи издавачите се занимаваат со бизнис, а тоа според нив е голем грев. Со ваквите сфаќања за демократија и пазарна економија може само со жалење да се констатира дека времето на актуелниот министер и неговите соработници застанало некаде во педесетите години во претходниот век, во времето на едното и договорена економија. Според нив со бизнис можат да се занимаваат само избрани личности и

фирми како Логос, а кои имаат доверба во министерот и право со месеци да ја комплицираат наставата во основните и средните училишта.

Згора на се после една ваква крајна проблематична спроведена процедура на учесниците на конкурсот им е оневозможено и правото на приговор. Не е дефинирано до која институција треба да се поднесува приговорот. Министерот си дозволува и по два месеца од поднесувањето на приговорот до него воопшто да не одговори на него, уште повеќе службите и тн. и тн.

За стручноста и компетентноста на членовите на комисиите нема да зборувам затоа што претседателот ќе ме опомене дека спомнувам имиња, за конфликтот на интереси би сакал да кажам. Најдрастичен пример е со учебникот по историја за трета година гимназија. Во Комисијата за историја членува роднина, брат на еден од авторите на ракопис. Расправа имаше и за учебникот по македонски јазик, по математика и тн. и тн.

Во основа нашиот заклучок е да ги скратиме сите овие маки и да ги скратиме сите овие дискусии најдобро е господинот министер да не изненади со тоа што ќе си поднесе оставка, така да нема многу да расправаме. Очекувавме од господинот премиер дека првиот човек кој што ќе биде реконструиран тоа Ќе биде господинот Азис Положани. Ако него не му е познато, нас ни е познато дека не го смени само од притисокот кој што му го наметна коалициониот партнер, а не од успешната работа која ја работи. Тоа е на сите овде јасно затоа  почитуван министре доколку сакате и премиерот, ама и нас да не куртулите најдобро е да си поднесете оставка за да не ги замараме останатите колеги овде да образложуваат она што со денови може да се кажува, а кое пак што зборува за вашата апсолутно успешна или “успешна работа”. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Јас го прифаЌам вашиот предлог да ги скратиме маките и да не се замараме, да поминеме на гласање, може ли?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ако си поднесе оставка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ама има и друг начин. Ќе поминеме на гласање и ќе завршиме и со ваквите и со замерањето, што вие сега ни предложивте.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не, само ако тој си поднесе оставка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи неможе. Значи тоа ви беше само реторичко прашање.

Има збор господинот министер Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Јас уште на почетокот реков дека ми е до одржувањето на нивото на овој дом и нема да се занимавам со тој дел на искажувањето како што и самиот господин пратеник Караџоски рече дека е во доменот на шпекулации. Тоа јасно покажува дека суштината на некои од неговите искажувања, мислам дека кога пратенк зборува нормално и јас тука мораме повеќе да избегнуваме шпекулации затоа што можат да настанат и штети, како што кажа тој, тоа што се случи во Арсение Јовков не е исклучено овие инциденти да се повторат пак. Мислам дека таквата, која што во суштина, од кога произлегува политичар има своја порака во јавноста која што е стварно недобронамерна и мислам дека за доброто на тие деца, било кои да се фалат да се оградуваме од такви злокобни предвидувања кога се од таков карактер затоа што веќе тоа е очигледно, јас верувам и негова намера не е тоа, но сепак мора да пазиме дека кога ќе предвидиме лоши работи во такви околности кои што се и јас се согласувам дека се сензитивни.

Ќе кажам нешто во врска со тоа што е во доменот на моето законско работење. Немав намера да го кажам, бидејќи сам во себе се спротивставив, со самите свои зборови, рече дека ние се сомневаме дека средствата не се отидени таму каде што се наменети. Токму тоа јас го направив господине пратеник. Средствата кои се наменети милион денари, а не само милион, тие се наменети за одржување на домовите и за другите работи се во ставка која што од овде поминува за таква намена. Јас со моето решение ги насочив таму каде што вие сте гласале тука во Парламентот да бидат насочени. Начинот на употреба, решенијата кои што вие ги имате, веројатно има уште многу, уште повеќе и уште од понатаму се на

одговорност на тој што ги потпишал тие решенија. Добро е да се знае дека тие не се решенија што министерот ги потпишал, но тој што ги троши. А тој директор, и било кој директор поставен од ваша страна во тоа време, или во конкурсот што дојде нов сигурно дека ќе одговара. Не дека зема наменски средства за една насока, туку средствата не се употребени во законска основа врз база на Законот за јавни набавки. Мислам дека и тој господин што така направил, употребување на средства со недомаќинска основа. Затоа и тој е сменет пред вие тоа да го објавите во медиумите. И не само тој, туку другите и понатаму ќе одговараат ако средствата што Парламентот за таму ги доделува, наменските ставки и другите средства постапуваат незаконски.

За другото не сакам да се осврнувам, тие се во доменот на шпекулации, само уште една работа која со законот се коси. Велите дека не е измислотица Педагошката служба. Мислам дека не е добро така да се каже затоа што Педагошката служба е тело кое што работи во рамките на администрацијата и државната администрација одредено со Законот за администрација. Јас верувам дека таму има човек кој што е одреден за директор и кој што ќе сноси одговорност, но во учебникарството сите аспекти што вие ги рековте не стојат, но имате право да мислите така како што вие мислите. Значи единствено оваа година јас заедно со моите соработници сме направиле нешто повеќе од тоа што значи учебникарска политика. Има уште многу што таму да се поправи од овој аспект, но веќе се преземени одредени чекори. Имало два претходни конкурси, процедурата е отидена во законска основа така да и од тој аспект не стојат вашитре забелешки за работа во тој домен, затоа што се е базирано на закон, а за подобрување на нештата сигурно сме спремни да го смениме и законот и да приспособиме еден поадекватен начин каде што тие моменти кои што негативно влијаат во таа насока има простор поадекватно да се решат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине министре јас не кажав дека во Арсение Јовков ќе се повторуваат тепачки и насилства. Јас кажав општо дека постои можност онака како што вие ги

третирате учениците македонци - албанци може да  дојде до нетрпеливост која може да предизвика и такви пресметки.

Кога зборував за шпекулации зборував само од една проста причина, затоа што јас особено почитувам призвуци на невиност, и кога некој нешто недокажал дека некој е виновен неможам да кажам дека е виновен затоа што постојат институции во оваа држава.

Кога зборуваме за тоа како се искористени средствата, само да ве потсетам дека вие го потпишавте Договорот за цесија покрај другите работи кои што ги кажавте. Што е тоа Договор за цесија, тоа е начин како се врши плаќањето и неможе да не знаете за што оделе и каде оделе парите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Јусуф Арифи, имате реплика или за збор се јавувате.

(За збор).

Добро, тогаш реплика има пратеникот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Мојата реплика се однесува на дискусијата на господинот Караџоски и ќе се фокусирам на делот кој се однесува на злоупотребата на средствата и студентскиот стандард, како последица на наводната злоупотреба на средсртвата. Во оваа насока господинот Караџоски, пред мене имам одредени податоци од време на вашето владеење, дел на средствата од телекомот за основното училиште Кузман Јосифовски Питу од Кичево, Добре Јоановски од Прилеп, Гоце Делчев од Преспа, Никола Штејн од Тетово, Зефљуш Марку од Скопје, Центарот за научни истражувања и неколку училишта во Гостивар со што ќе ви кажам и ќе ви дадам неколку податоци.

Вашата Влада во тоа време плати премногу пари за училиштето Кузман Јосифовски Питу во Кичево, повеќе од 49 милиони денари, за училиштето Никола Штејн од Тетово исто така премногу средства, над 29 милиони денари, за Зефљуш Марку во Скопје над 20 милиони денари повеќе, за Центарот за научни истражувања вишок над 18 милиони денари, значо повеќе се платени од потребното, односно во вкупна сума за сите овие објекти кои што ги спомнав платен е вишок од буџетот на Министерството за образование во тоа време над 90 милиони денари. Во евра искажани милион и 465 иљади евра. Во Гостивар за основното училиште Прпарими

над 560 илјади денари, 120 илјади тогашни марки и други средства, за други проекти не се знае за каде. Училиштето Петре Јовановски - Долна Баница над 197 милиони тогашни германски марки нереализирани.

Доколку ова не претставува средства кои влијаеле во намалувањето на студентскиот стандард за кој вие говорите, тогаш иронијата е составен дел на вашата работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Жарко Караџоски. Имате право на една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господие Џафери најголем дел од овие пари што ги спомнувате, само да ве потсетам дека најголем дел од нив одеше само за реконструкција на објектите, а не за уништување на лебарки како што вие правите.

Ако вашиот одговор е правеше претходната Влада зошто ние да не правиме, зошто нашиот министер да не прави, тогаш јас незнам кој коментар да го дадам. Значи дека го потврдувате она што вашиот министер го прави.

За мојата Влада почитуван господин пратеник можевте да поднесете интерпелација кога беше претходната Влада на власт доколку бевте пратеник, а не таму каде што бевте. Сега после 15 септември илузорно е да се зборува за некоја влада која не е повеќе на власт. Сега се зборува за тој што е на власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема реплики повеќе, збор има пратеникот Славица Станковска, а нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Почитувани, денеска сакам да се осврнам на некои моменти кои сметам дека се значајни за денешната расправа.

Прво, сакам да проговорам поради што се вклучувам во денешната расправа. Како пратеник кој професионално се занимава сметам дека обврска не само јас, туку и сите ние активно да учествуваме во работата на Парламентот и секој во сферата на своите познавања да даде придонес во расправата во поодделни точки од дневниот ред. Кога видов колку многу стручњаци, економиски, правници,

електроинженери го познаваат образованието почувствував потреба како некој кој 27 години работел во образованието и го доживеал, може да каже многу повеќе, ми се чини многу пообјективно отколку некој кој го посматра образованието низ медиумите, низ улицата и од школските дворови. Тоа е прво.

Второ, како пратеник од коалицијата која е на власт не сакам да мислите дека бегам од одговорноста што сигурно ја носиме и во овој едногодишен период и во мандатот додека ќе бидеме на власт, односно додека ќе ја води нашата Влада државата. Затоа чувствувам за потребно да ви се обратам и да ви кажам нешто што знам, односно нешто што е вистина за образованието.

Прво, за интерпелацијата и однесувањето на опозицијата. Ние во овој парламентарен мандат, сигурно тоа не е исклучок и во периодот кој е зад нас знаеме која е целта на опозицијата. Неможеме да очекуваме опозицијата да не фали, Владата и министрите и работата на коалиционото мнозинство. Тоа е средство за да анимира јавност, да го убедува електоратот дека тие му мислат најдобро и дека со својата заложба тука тие ќе направат се за да му биде подбро на граѓанинот сигурно со единствена цел да се вратат на власт.

После само 100-те дена од нашата коалициона Влада опозицијата повикуваше на оставка на премиерот, бараше оставка од министерот за внатрешни работи. Бараше оставка од министерот за екологија, бараше оставка од министерот за земјоделие, сега бара интерпелација од министерот за образование, сигурно со ова и нема да завршат нивните барања, но мислам дека преурането и за многу краток временски период се сконцентрираа на работи кои требаше можеби да ги одложат за кога ќе се доближуваат следните парламентарн избори. Тоа значи дека без разлика на она што го работи опозицијата вие знаете интерпелација како чин не е нова на оваа опозиција како средство за отповикување на луѓе кои се носители на определени функции и била и ќе биде во иднина сигурно со ова нема да завршат нивните барања

Тоа е едно од средствата повторно низ маратонски расправи да се укаже на добрите намери, сигурно, за граѓанинот. Очигледно, сите заборавамe со овие маратонски неефикасни седници, ќе речам, да дојдат до некој ефтин маркетинг , најмалку ефтин маркетинг, заради тоа што овие седниц чинат, но со крајни резултати, кои однапред на опозицијата им се познати. Сите досегашин интерпелации, а во иднина сигурно ќе го имаат епилогот што го имаа. Тоа го знаеме

и за тоа сме свесни, барем ако ги имаме предвид распоредот на силите што се во овој Парламент, сега, во иднина и сигурно во минатото.

Министерството за образование, барем од мој аспект, претставува едно, во ова наше кратко плурално живеење, еден од најтешките ресори. Само ако се навратиме, после Министерството за внатрешни работи, што се селучуваше во ова министерство и ако знаеме дека ниеден министер не доживеа еден мандат во времето на владеењето, без разлика на кое парламентарно мнозинство, тогаш навистина нешто сериозно ни се случува во образованието. Сегменти кои би ги спомнала од онаа интерпелација, макар што многу се шпекулира, а некои работи ќе се обидам да ви ги доближам.

Прво, имаме дневници. Почитувани, ќе направам само една паралела. Претходната учебна година јас бев професор во Гимназијата “Гоце Делчев” во Куманово. Идентичен, како по договор да беше периодот на училишта без дневници и за време на г. Новковски и за г. Азис Положани. Сигурно, неможе да го амнестира ни едниот ни другиот, заради тоа што со години station наназад учебната година започнува на 1 септември. Но, очигледно тие што сметаат дека дневникот е причина за хаосот во училиштата, тие длабоко се лажат.

Почитувани колеги, јас 20 години носам дневник. Дневниот претставува само едно техничко помагало во наставниот процес. За жал, ние сите тие елементи кои се битни, кои се суштествени, ние ги отфрливме и се акцентиравме на дневник. На многу мои колеги дневникот им служи да прави авторитет и на некој начин многу често да иг плаши учениците. Тешко на тој професор и тешко на тоа образование, ако носител на целиот наш воспитно-образовен процес го сконцентрираме во потребата за дневник. Дури и јас многу често во мојата средина сум кажувала, јас како професор се залагам дневникот ксако средство да се исфрли. Има многу начини да се провери до кој степен е знаењето, како и која проодност на учениците во следните години и т.н. Но тоа очигледно останува за некое друго време, за некое време кога целокупната сесија на популација, а и наша тука во Парламентот ќе биде на едно повисоко ниво. Така што, на степенот на нашиот развој, на гледање на воспитно-образовниот процес, очигледно е дека дневникот ни е многу потребен и неопходен. Навистина и како таков, како техничк помагало е неопходен и добро е да се води сметка со почетокот на учебната година дневници и да има.

Случајот во Битола, јас несакам да го коментирам, но само едно ќе ви кажам. Заради тоа и што сум била директор во училиште, го познавам Законот за средно

образование. Според конкрус, до колку без разлика од која заедница имаме доволен број на ученици за формирање на паралелки, тогаш Министерството и државата има обврска да организира настава на јазикот на таа заедница. Тоа значи дека, не само на албански, туку и во Куманово ако имаме доволен број на ученици од српска заедница, обврска е на државата да им организира настава на нивниот мајчин јазик. Можеби сега немало можности за отворање на паралелки во Битола, но ако, јас еднаш слушнав еден податок дека околу 200 и повеќе ученици има во основно училиште во Битола , неминовен е фактот колку сакаме да правиме отпор, односно јас не правам отпор, бидејќи тоа го разбирам, за што работам и живеам во етнички мешана средина, тоа е птореба и не само што е птореба, туку тоа е и обврска на државата да го направи. Така, во перспектива кога ќе се создадат услобви за тоа, сигурно и дека ќе има. Но, секогаш сум за отворање на паралелки во согласност со институцијата конкурс и сигурно со навремено информирање и навремено регулирање на сите тие аспекти, кои се неопходни за да се исполнат за отворање на такви паралелки.

Овде се спомнува Куманово и чисти паралелки. Е, почитувани мои, јас бев во гимназијата "Гоце Делчев" кога претходната коалиција ги направи чистите училишта во Куманово. Гревот на овој наш министер е што направи обид, тие ученици од чисти училишта , да ги врати во матичните училишта и да направи мешани училишта. Но, за жал, односно за среќа на опозицијата им успеа да останат сеуште чисти училишта. Затоа што, се направи се, дури по цена на жртви во Куманово, за да учениците од албанските паралелки не се вратат во своите матични училишта. Вистината е таа. Вие можете да говорите што сакате, но јас ви кажувам она што го говорам најодговорно го говорам . Тука се шпекулира и пред јавноста многу малку се одговорности, заради тоа што тоа што се говори, може и да се провери. А, јас за ова што го говорам, стојам позади тоа и неговорам ако во нешто не верувам или не знам.

Овде се зборува за реформирано образование. Е, мои колеги, после 27 години јас доживеав да предавам во прва година на Реформираното образование на г. Новковкси. Прв пат во мојот живот сум предавала без да знам што ќе предавам во втора година, што ќе предавам во трета година. Реформирано образование му го препишувате на г. Азис Положани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, без имиња.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Јас морам да кажам, затоа што многу реформи сум имала во текот на тие 27 години. Учебници сме немали и секогаш неспремни сме влегувале во тој процес. Но, секогаш јас како професор сум знаела од прва до четврта година што ќе имам заокружен циклус на мојот стручен предмет. Сега, незнмаевме, што во втора, што во трета, што во четврта година. Дојде, ќе имате оваа изборна година, после еден месец, не, овде ќе имате после, така што тој хаос во тоа гимназиско образование реформирано го направи некој друг, а јас бев професор кој предаваше без учебник со диктирање и цела учебна година мака мачевме, заради што јас и имав искуство и имавме преоблеми колегите почетници, кои незнаеја во кои рамки и како да ги заокружат метотските целини. Мислам дека е тоа вистината и тоа се фактите.
Училиштето “Арсени Јовков” го доживувам уште како еден обид за создавање на мешани паралелки односно на училишта во кои ќе учат учениците од македонска и од албанска припадност, заради тоа што сметам дека не паралелниот, туку заедничкиот живот е наша перспектива.

Сега, за Тетовскиот универзитет. Не го доживувам, почитувани колеги, како легализација на тетовски универзитет. Вие знаете дека тука донесовме Закон за високо образование и сите оние институции, кои согласно Законот за високо образование ќе ги исполнат критериумите за отворање или за формирање на такви институции, ние како Парламент и како држава зедовме обврска тоа да го реализираме. Сигурно, само оние факултети кои ќе ги исполнат условите со кои ние се сложивме ќе бидат во институција на системот. Оние кои нема да ги исполнуваат, нема да бидат во институција на системот. Не се плашете, уште еднаш ќе кажам, од интелектуалци, плашете се од квази интелектуалци. Тие не признаваат или не познаваат етникум. Ние такви имаме во многу средини, без разлика на која етничка заедница припаѓаат и за жал, наместо да одиме напред , да гледаме кон некои повозвишени цели, ние образованието го симнуваме, заради наши политички игри што ги водиме тука и манипулации со образсованието и учениците како дел од тој систем.

Метод на притисок на опозицијата, тоа е нешто последно на кое што сакам да дадам свој акцент и свое видување. Господинот кој беше министер во претходниот

мандат немаше дневници. Ние бевме во опозиција и не ги изведовме учениците на улица. Тоа не е наш метод. Ако сакаме да повикаме на непослушност и организирање да искажеме некое незадоволство, ние сме чесни. Ние во името на нашата партија тоа го работиме и го повикуваме, за разлика од поедници, кои организираат и поддржуваат. Јас идејќи накај Парламентот, накај Скопје видов група организирана пред партиски канцеларии, која чекаше автобус и да дојде во Скопје. Тоа, ниту му служи на образованието, ниту ни служи нас како Парламент, а уште помалку на Македонија како држава. Ние сме уникатни во светот, почитувани. Студенти против факултети, ученици против образование. Оставете ги и не манипулирајте. Оставете политика да се води во институциите таму каде што треба, а не во системот во образованието. Да се трудиме да едуцираме кадри, кои ќе бидат компатибилни со светското, Европското образование, заради тоа што декларативно, без разлика на опозиција или позиција сите стремиме да ги достигнеме тие цели, а тоа не може на овој начин на кој се прави.

И, само на крај, очигледно не се свесни дека граѓанинот го изморивте со политички игри и манипулации. На граѓанинот му е неопходна егзистенција, економски развој. Тука, очигледно, ќе повикате на одговорноста што ние ја носиме за едногодишниот мандат. Точно е. Ние ја носиме и сме виновни за состојбите во Македонија во овој и до крај на нашиот мандат. Во оваа година, а сигурно и до крајот на нашиот мандат. Но, она што господинот пред малку го кажа елементарна непогода може да се користи како термин само за периодот на владеењето на коалицијата пред оваа наша коалиција односно на претходниот мандат во Парламентот. И, ќе се сложиме дека, за да се санираат сите тие потребни последици од таа елементарна непогода, неопходно е време. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Бонева, а нека се подготви пратеникот Илија Србиновски.

Се извинувам, пратеникот Фатмир Асани има реплика.

Повелете г. Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Навистина, мило ми е што почитуваната професорка од Гимназијата во Куманово на крајот од својата кариера е убедена дека албанците треба да учат на својот мајчин јазик. Јас ја познавам професорката многу добро, бидејќи за цело време како професорка во Куманово голем број на албанци се отпуштија од гимназијата, голем број на албанци се уапсени. Сакам да нагласам дека во текот на 2001 година како директорка на гимназијата “Гоце Делчев” беше истепан и еден албанец професор, кој што се здоби со тешки телесни повреди. Голем број беа приморани да ја напуштат гимназијата. Навистина е тоа дека во Куманово учат во едноипровизирано училиште албанците во едно импровизирано училиште, без греење, без основни елементарни услови . Значи, таа зборува дека таму учат, но не зборува во какви услови учат тие ученици. На крајот на краиштата е добро дека на крајот од својата кариера да се убеди дека албанците треба да учат на својот мајчин јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓа Станковска реплика од една минута.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Не сакам да употербам потежок збор, ќе кажам невистина. Јас сум сменета од страна на ВМРО-ДПМНЕ во 1999 година. Тоа значи дека во 2001 година јас не бев директор во гимназијата “Гоце Делчев” . Ова што го кажувате тоа е точно, но за среќа на моите колеги, за ваша жал, тие колеги кои времено беа исклучувани од училиште, заради диференцијација во периодот кој беше, тие повторно ме повикаа, а и еден од нивните услови беше да се вратам во гимназијата, да бидам директор, па тие ќе се вратат во училиштето. Само за тие што не ги познаваат приликите да кажам дека не беа исклучувани по желба на директорот, туку по нивна сопствена желба, заради тоа што во тоа насочено образование имавме колеги кои предаваа по пет предмети во една паралелка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Времето за реплика ви истече.

Збор има пратеникот Силвана Бонева, а нека се подготви пратеникот Илија Србиновски.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и г-да пратеници, почитуван министре,

Македонската држава е во момент кога се подготвува да донесе одлука за апликација за членство во ЕУ. Забрзано треба да се работи на реформите во сите свери, не одминувајќи ја и сверата на образованието во државата. Токму заради заедничкиот интерес, тоа е создавањето на услови за подобар живот на граѓаните во државата и приближување на Македонија кон ЕУ, неминовно е потребно критички да го разгледаме како парламент каков е нашиот од кон Европа и во оваа област преку едногодишното работење на Министерството за образование под водство на министерот Положани, бидејќи хаосот што го имаме во образованието не ни оди во прилог на заедничката цел. Затоа, повеќе не смее да се толерира.

Во интерес на таа заедничка цел е забрзувањето на реформите во образованието, со цел да се применат европските стандарди. Помеѓу другото неопходно е потребно и да се врати и воспитната компонента во училиштата и да се внесат образовни содржини поврзани со животот, што ќе им овозможат и ќе им помогнат на децата полесно да се снајдат во животот и да го применат наученото.

Во медиумите неодамна прочитавме дека тоа е и препораката и на Австрискиот конзорциум кој ги оценува наставните програми и работата на професорите на Скопскиот универзитет и на неколку факултети во државата, чии што оценки ќе се испратат до Канцеларијата за образование на ЕУ.

Загрижувачко за сите нас треба да биде и рапидниот пораст на малолетници корисници на наркотични средства. Зарем не требаше вниманието на министерот да биде насочено кон итно спроведување на Програмата за спречување на девијантните појави кај децата, воведување на континуирана едукација во зависност од возраста на децата за штетните последици од употребата на сите средства на зависности, а во исто време и да се спроведат во рамките на училиштата програми за ресоцијализација на тие деца, а не нивно отфрлање, за жал, дури и од наставниот кадар, со што тие се препуштаат на улица. Ако ни е најбитно да имаме здраво поколение, тогаш не треба ли тоа да биде еден од врвните приоритети, г.министре. Во прилог на потребата од брзо спроведување на реформи оди и загрижувачката оценка на УНИЦЕФ за нивото на образование односно познавањето што го имаат стекнато нашите деца. Оценката е загрижувачка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас разбирам една или две минути да имате вовед и со ова што го кажавте незнам дали некој не се сложува.  Но, ве молам, вие сте потписник на оваа Интерпелација и зборувате за наодите , па ве молам ако имате  нрштo повеќе да кажете, зборувајте за Интерпелацијата.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам г. претседателе, ќе се навратам на Интерпелацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, воведот малку скратете го.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Тоа е право на пратеникот дали воведот ќе му биде, г. претседателе, подолг или пократок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тогаш, јас можам да кажам дека тоа не е во врска со темата.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Е во врска со темата.  Темата е образованието на младите .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, темата е Интерпелација на министерот Положани.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Точно така. Влијанието на министерот во образовниот процес во државата.

Морам да продолжам дека оценката е загрижувачка и незадоволителна, бидејќи е констатирано дека нашите деца не умеат наученото да го применат во реалноста. Ученици кои незнаат да го искористат наученото е исто како во земјата да посееш глуво семе и од него да чекаш да никне и да даде плод.

Како тогаш мислите, г. министре, младите да ни бидаат таа влечна сила, која што треба да обезбеди и за себе и за државата подобра иднина, кога иако поминале долги години во образованието тие не се способни за живот, бидејќи немаат организаторски способности и вештини да го применат наученото. Зарем итно не

требаше да се работи на суштествените реформи и на тој план во оваа измината година, ако и ваша цел е намалувањето на бројот на млади невработени луѓе. Г-дине министре, дотоклку повеќе што самите кажавте во интервјуто за Утрински Венсик од 12.11.2002 година цитирам "дека доколку не создадеме квалитетно образование, неможеме да очекуваме од овие деца дека утре ќе создаваат достоинствена држава, во која ќе може да се живее подобро".

Освен прашањата за образованието на албанците, зарем за вас не требаше да бидат приоритетни и предизвик за решавање низата слабости во образовниот систем констатирани од Европската комисија, каде се зборува за старите и неадаптирани и централизирани структури, за недостигот од комуникација помеѓу Министерството за образование и Бирото за развој на образование, инспекциите и установите во кои се образува наставниот кадар, за учебниците кои се стари и неадаптирани на промените во општеството и напредокот на образовните програми, за сиромашната училишна инфрастурктура што се одразува на квалитетот на образованието, неопремение библиотеки и реткоста на компјутерите во училиштата.

Во Извештајот на Европската комисија се зборува и за училишните програми, кои што се преоптоварени, а нивната содржина е базирана на факти и познавања што недозволува да се развие критичка мисла и решавање на проблеми.

Понатаму, за средното професионално образование, кое не е адаптирано на економските потреби на земјата што може да има катастрофални последици врз можноста за вработување и со тоа врз шансите на младите да успеат во животот.

И да не бројам понатаму, тоа е тоа со што вие, почитуван министре требаше да се занимавате и да биде ваш основен, врвен приоритет, а не со етнизација на образованието и создавање на тензии. Само ќе го посочам примерот со образованието на средношколците во Куманово. Често слушаме како велите дека сте за интегрирано образование. Зошто тогаш во Куманово ги оделивте децата по етничка основа, па за да има каде да учат учениците албанци од Гимназијата "Гоце Делчев" го принудивте Работничкиот универзитет од Куманово под присила да ги напушти своите простории во рок од 24 часа, заедно со инвентарот и вработените. Просториите на Работничкиот универзитет ги дадовте на привремено користење на Гимназијата "Гоце Делчев" за настава на паралелки на албански јазик, иако учениците од овие паралелки имаа простор за изведување на наставата во Гимназијата "Гоце Делчев".

Но, нивното образложение беше, што беше прифатено од ваша страна дека не се безбедни да учат заедно со македонците.

Вие, господине Положани, буквално ги оставивте овие луѓе и нивните семејства без основна егзистенција и направивте од нив социјални случаи. Сите нивни барања до Министерството за образование до денес останаа без одговор. Создадовте проблеми значи во образованието и таму каде што ги немаше. Сега во Гимназијата стои празен неискокристен простор, а за Работничкиот универзитет нема можност неговиорт просторен проблем да се реши. Имено, и покрај тоа што ветивте дека ќе направите напори и заложби проблемот да биде решен, до денес нема ништо од тие ветувања. Во Куманово средношколците останаа да учат поделени по етничка основа, надвор од матичните училишта во објекти кои не се наменети за училишен простор.

Зарен не треба да ве загрижува, почитуван министре, тоа што вработените во образованието се незадоволни од тоа колку државата им плаќа во моментот за вложениот труд, бидејќи одвај преживуваат со платите, а вашата плата и премиерот Црвенковски им вети пред една година, и презеде обврска со Колективниот договор и Социјалниот договор дека пресметката и исплатата на плати ќе се прави според новите договорени коефициенти. Го укинавте и надоместот за годишен одмор, кој што сепак скромно го надополнуваше семејниот буџет. Повторно и овде, иако имате потпишано договор за социјално партнерство, имате расчекор меѓу она декларираното и реализираното. Многу лесно земате обврски кои не ги почитувате. Зошто тогаш беше навистина минатогодишниот театар за успешното социјално партнерство незнам и Социјалниот договор по кој во образованието се велеше дека луѓето ќе имаат плата, барем наставниот кадар, 15.000 денари. Како може, господине министре, да очекуваме квалитетна настава од главните извршители во образованието, кои одвај преживуваат, а во исто време се чувствуваат излажани и онеправдани од државата. Затоа, сакам да ве прашам што презедовте вие за подобрување на статусот на вработените во образованието во оваа една година, за после Нова Година овие вработени да не штрајкуваат. Освен тоа  што извршивте партиски чистки на неподобните директори и вработени кои не беа блиски до опцијата која што е на власт.

Понатаму, уште на самиот старт на вашето министерување не с еспротивставивте енергично на противзаконското наметнување на решенија во образованието со сила, што денес ескалира. Пример е случајот со насилното

менување на името “Даме Груев” на училиштетот од Шемшево и со тоа дадовме пример и зелено светло како може да се реализираат одредени цели и интереси со примена не на закон, туку на сила. Со тоа ги избркавте децата од македонска националност од училиштето и наместо да работите на интегрирање во образованието, работевте на дезинтеграција.

Преќутното ваше аминување на незаконитите дејанија ескалира до таму што еве веќе го легаизирате малоречанскиот универзитет, без да бидат исполнети критериумите што се потребни, што се дадени во Законот за високо образование за основање на една високообразовна институција, а тоа е опрема, потребен кадар - да не зборуваме за просторот и ќе ве потсетам дека дел од просторот во кој што е сместен универзитетот противзаконито е узурпиран и чуван повторно со силата на оружјето на командантите на поранешната ОНА. Многу убава  едукативна порака, почитуван министре, до сите млади во државата дека со сила може да добијат се во оваа држава.

Вие, господине министре, децата од образованието ги третиравте како експериментални глувци во вашата замислена образовна лабораторија и затоа последица на ваквиот однос и вештачки создадените проблеми се нивните протести, повеќе инциденти во училиштата, во кои имаше повредени ученици, тепање на професори, подгревање на меѓуетничките тензии и големо присуство на полицијата околу училиштата. Никогаш не постоеле толкави тензии во образованието како за време на вашето министерување.

Вашите постапки во училиштето “Арсени Јовков” и во Битола направија проблеми на етничка основа таму каде што никој не ги очекувал. Ваквиот избрзан потег не само што ја дискредитира идејата за соживот, туку ја урива и безбедноста на учениците во тие училишта.

Зарем и вие господине министре не се залагате за воведување на европско образование во нашите училишта, што подразбира исполнување и на одредени стандарди и критериуми кои важат во Европската унија. Ако е така, тогаш зошто се дрзнавте еден проект, кој што го финансира Европската унија, кој покрај другото прдвидува и исполнување на условите за практична и теоретска настава за одреден број на ученици што ќе работат во паралелка да го рушите. Ги одзедовте кабинетите на учениците во “Арсени Јовков” и ги направивте училници за албанските паралелки без никаква најава, и најважно е од се, без да консултирате стручно мислење на надлежните инспекции за тоа како ќе влијае вашата одлука на

наставата и нејзиниот квалитет. Не му пријдовте аналитично на тој проблем, туку постапивте така само за да задоволите одредени политички апетити на вашата политичка партија на штета на децата, спротивно на Конвенцијата за правата на децата. Децата и родителите со право протестираа, бидејќи тие се определиле да учат во тоа училиште, под тие услови, тие ги запишале своите деца да учат по ФАРЕ програмата, што подразбира одредени стандарди кои важат за Европската унија. Негирањето на ФАРЕ програмата е негирање на образованието кое не доближува до стандардите во образованието на Европската унија. Кога за вас значи не се битни и не ги почитувате овие стандарди во образованието, ФАРЕ стандардите, тогаш не е ни чудо тоа што ги намаливте средствата за истражувачка и научна дејност. За вас не е ништо ни ударот што го зададовте на науката во Македонија, како битен фактор на прогресот во државата, им ги намаливте сосема средствата, а камоли пак завас да значи нешто тоа што три месеци од почетокот на учебната година училиштата немаа дневници и што значеше тоа во овој хаос за наставниците, дополнително да препишуваат методски единици, изостаноци и сите други податоци за учениците.

За вас не значи ништо и тоа што одлучивте индивидуалната настава во музичките училишта да се одвива групно па на час во исто време на инструменти вежбаат по повеќе студенти. Не значи ништо и намалувањето на буџетот на универзитетите во Скопје и Битола, а во исто време најавувате легализација на универзитетот во Тетово. Од кои средства ќе се финансира, кое е тоа стопанство што може да издржи толку високо образовни институции на толку мал број на жители и како ќе се делат постојните пари меѓу универзитетите во државата, и на крајот каков ќе биде образовниот и студентскиот стандард во државата останува да видиме.

За да ја комплетирам сликата за вашето работење, ќе се послужам со делови од интервјуто на господинот Никола Поповски, екс претседател на Собранието од 25 октомври 2003 година, во “Утрински весник”, само за да покажам колку коинцидираат нашите ставови со неговите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

А можели да не спомнуваме имиња и да не користиме ..

СИЛВАНА БОНЕВА:

Добро, се извинувам, само цитирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Правилото важи за сите подеднакво.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Добро, господине претседателе, тогаш ја прифаќам констатацијата онака како што е напишана во весникот и стојам зад неа јас, па ја прочитувам сега.

“Има цели ресори кои се занимаваат само со имплементација на бројот на вработени албанци, со бројот на учениците албанци или со образовните институции кои изведуваат настава на јазиците на заедниците. Забораваат дека во Македонија постои и еден друг живот, кој не зависи само од тие работи. Имам забелешки на ресорот образование. Ако овој ресор и понатаму продолжи да се занимава само со бројот на албански паралелки, прераспределување, со високото образование само на албанците, со бројот на вработените албанци, тогаш министерот апсолутно заборавил дека постои и образование за 2/3 од учениците, студентите кое не се одвива на јазиците на заедниците. Со давањето важност само на тие аспекти на неговата политика, ќе дојдеме во лоши сознанија за стварноста во образованието. Се плашам дека во некои делови а Владата се води сметка само за вакви прашања. Мислам дека проблемот кај ДУИ произлегува од нивната тесна насоченост само кон проблемите кои ги тиштат граѓаните само со албанско етничко потекло и кои се само за нив специфични, сето друго е препуштено на другите. Меѓутоа, водат ресори кои не дозволуваат такво препуштање. Таков пример е образованието.”

Земете го тоа како мој коментар, господине претседателе.

Сега ќе се навратам на вашето интервју во “Утрински весник” од 12.11.2002 година, каде кажавте: “Образованието не е чисто политичка структура, каде може врз база на политички базирани решенија да се направи буквално се. Главен аспект треба да биде ставен на педагошката димензија и на можноста организираноста да биде во функција на подобри резултати.”

Добра констатација, само што од се што спомнав до сега поврзано со работењето на министерот, во образованието аспектот на педагошка димензија и организираноста на образованието во функција на подобри резултати не видовме.

Бидејќи вие почитуван министре ги погазивте и овие сопствени зборови, освен ако не биле демагогија, и во оваа една година работевте сосема спротивно од тоа што го деклариравте и во функција само на дневно - политичките интереси на

вашата партија, ја бараме вашата оставка, за да не направите уште поголеми и непоправливи штети не само во образованието во државата, туку пред се во сферата на меѓуетничката толеранција и почитувањето меѓу младите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сакам еден мал коментар да дадам. Интерпелацијата ја сфаќам да се бара одговорност на министерот за она што го направил, а не за она што претпоставуваме дека требало да го направи или не го направил. Дозволувам да има воведи за да може да се дојде до главната поента, наведена како причина, која што е лошо направена, па има последици. Ве молам, во таа насока да ги водиме сите други дискусии.

Ние ќе имаме овде точка за нов трет државен универзитет во Тетово, па таму можеме да ги отвориме сите образовни дилеми кои постојат во нашава држава и како Министерството за образование се справува со тие дилеми. Но, интерпелацијата е за нешто што е направено, а не за нешто што не е направено. Така јас го сфаќам.

Јас нема да ве прекинувам, но апелирам.

Процедурално, има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, би апелирал до вас, бидејќи на седницава слушаме се упатуваат вулгарни зборови додека дискутира опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас смирував.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ние слушнавме, до вас незнам дали добпре тоа. Би сакал да укажам на позицијата, доколку има нешто, на говорницата може да дискутираат. Вака на овој начин мислам дека не е достојно за Парламентот. Не сакам да посочам кој збор беше употребен, премногу е вулгарен и не сакам да кажам кој беше тоа.

Второ, сметам дека за интерпелацијата треба да се дискутира покрај тоа што го направил министерот, а ние како опозицијата сметаме дека згрешил тоа што го направил, мислам дека е сосема нормално да се дискутира и за она што ние

сме очекувале тој министер да го направи. Инаку, да кажам карикирано, би можел да седи во канцеларија од првиот до последниот ден и ништо да не направи, па според вас ние, нема да му поднесеме интерпелација бидејќи човекот ништо не направил, би требало да направи, меѓутоа, не направил ништо.

Според тоа, сметам дека можеме да дискутираме и за тоа што сметаме дека би требало да направи за образованието, а не го направил.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева, имате коментар можеби на мојата забелешка.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господинот Коце Трајановски го кажа тоа што го мислам и повторно ќе повторам, ако министерот не направи ништо, тоа не значи дека ние пратениците немаме право да расправаме за тоа дали треба да му поднесеме интерпелација или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие можете да дискутирате и за тоа што министерот не го направил, тоа е точка на дневен ред, ќе биде Информација за работата на Министерството за образование. Ова е интерпелација.

Добро, се согласувам, вие водете ја дискусијата како што сметате, само што тоа е мое мислење, мој став, не мора да се точен.

Следниот дискутант е пратеникот Илија Србиновски, а нека се подготви после него пратеникот Блаже Стојановски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе,

Пред да почнам со дискусијата по повод интерпелацијата на министерот Положани, сакам да изразам еден протест. Во меѓувреме добив информации од сигурни извори, со кои е потврдено дека има стигнато дописи до сите подрачни единици на Министерството за внатрешни работи од Централата во Скопје, со задолжение до подрачните единици на Министерството за внатрешни работи да стапат во контакт со младинците во средните училишта, односно со младинските организации, да испитаат дали ги подржуваат протестите, односно

денешните протести, врзани за признавањето на тетовскиот универзитет и дали во организацијата на протестите е вмешана опозицијата ВМРО-ДПМНЕ и доколку има поддршка кај младинците да ги попречат, да не дојдат во Скопје на протест. Мислам дека тоа е нон сенс, недопустливо, легални и пријавени протести од страна на студентите да бидат попречувани со полициски методи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи имате информации од сигурни извори, јас незнам кои се тие извори, кога ќе утврдите дека тоа е точно, можете да побарате интерпелација на министерот Хари Костов, а сега ве молам да не шпекулирате со такви работи.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Ќе продолжам со дискусија.

Кога зборуваме за интерпелацијата на господинот Положани, мислев дека ќе поднесе оставка пред да побараме интерпелација, но тоа е негово право.

Почитувани пратеници, само по една година во Република Македонија во Секторот кој му е доверен на господинот Положани се генерираат толку многу политички мотивирани проблеми, што дефинитивно можеме да заклучиме дека оваа неспособна Влада на голема врата ја промовираше и ја внесе политиката во образованието. Не можеме поинаку да ги коментираме настаните кога и покрај демагошките заложби на Владата при самото нејзино конституирање, за разрешување на проблемот со основното училиште во Шемшево, до денес сеуште нема никакво решение. Охрабрен од ваквата неспосбност на Владата и неколкуте понижувања на неговиот колега, министерот за внатрешни работи, доктор Положани почна да ја спроведува својата агенда заради која впрочем и стана министер. Го отвори случајот Куманово, каде учениците и покрај просторните услови, ги раздели во различни училишта. Следеше инцидентот со паралелката во Битола, каде буквално се увезоа ученици од еден град за да се отвори паралелка на албански јазик во друг.

Најзагрижувачки во целиот овој случај е фактот што министерот за образование и наука, господинот Положани, практично воопшто не води грижа за образованието како систем, туку негова единствена цел е да изгради паралелен систем.

Ако Владата и министерот за образование покажеше барем минимум разбирање за проблемите во образованието, тогаш целосно безпредметни ќе беа случувањата во Арсени Јовков каде за жал имаме дури и повредени ученици. Ако Владата и министерот беа заинтересирани за унапредување на образованието ќе се погрижеа во Арсени Јовков да продолжи да функционира образовниот процес по напредната ФАРЕ програма и учениците да добијат врвно образование наместо за инает да се прават вештачки проблеми и да се уништуваат, дерогираат добрите услови кои ги нудеше училиштето само за да се покаже дека полека, но сигурно го освојуваме Скопје. Г-дине министер, ако сте навистина заинтересиран за квалитет на образованието, не создадовте услови и училиштето во Автокоманда од каде донесовте ученици врвни стандарди за соодветно и поквалитетно образование на учениците кои учеа таму. Вие господине Положани мотивиран од лични, или незнам веќе какви причини и интереси ги оставивте училиштата во РМ повеќе од едно тромесечие без дневници, а за тоа мора да сносите одговорност. Дали г-дине министер сте свесен за проблемите во училиштата кои ги предизвикавте во образовниот процес овие три месеци, дали сте свесен за уништувањето на институционалниот авторитет на училиштата кои не беа способни ниту да ја водат најосновната евиденција за присутноста на учениците, дали сте направиле анализа на штетите кои ги предизвикавте? Зошто господине министер кога веќе го оставивте образованието без основни услови за работа го намаливте буџетот за Универзитетот во Скопје и Битола, во исто време најавувате легализирање на Универзитетот во Тетово и негово ставање под државна капа, па дури и најавувате и отворање на медицински факултет во Блиска иднина со кардиохирушко одделение во него. Дали со ова ја исполнувате Владината програма за образованието, или сепак се работи за некоја друга ваша Агенда. Ако е првото, тогаш опозицијата бара од вас веднаш да си заминете заради недозволивиот и насилен паралелизам што го предизвикувате, а ако е второво, тогаш г-дине премиер обраќањето е до Вас. Ги контролирате ли вие вашите министри и дали барем начелно знаете ли што работат во вашите сектори. Дали можеби уништувањето на студентскиот стандард и последното поскапување од 100% сместувањето и исхраната на студентите се должи на подобрување на услугите кои им ги нудите на студентите, или тоа само е пропорција, на намалување на бројот на стипендиите.Што понудивте г-дине министре за возврат на студентите и нивните родители кои ќе мораат да плаќаат дупло повисока цена за катастрофално лошите услови во студентските домови. За

волја на вистината барем студентите во охридскиот студентски дом во наредните 150 години ќе можат да живеат во стерилна, дезинфицирана и дератизирана средина. Кои се вашите приоритети г-дине министер кога го намаливте Буџетот за научно-истражувачката дејност и кога секој ден слушаме дека во институтите работат само на довршување на проектите кои ги финансирала претходната Влада. Како мислите да ја поттикнете македонската наука да биде компетативна, дали можеби планирате и тука паралелен систем. Што сторивте г-дине министре и вие г-дин Премиер кога го слушнавте извештајот на УНЕСКО за квалитетот на македонското образование. Тогаш ли ви текна да го саботирате процесот во Арсени Јовков или си го знаевте тоа однапред.

За волонтаризмот на г-динот Положани кој се најде по грешка во образованието најдобро зборува неговата одлука индивидуалната настава во музичките училишта да се одвива групно, не сакајќи самиот да си даде најдобра метафора за методологијата по која денес Министерството работи. Замислете само како изглда индивидуалната настава по пијано и ако во исто време вежбаат даречеме 10 студенти. Така некако изгледа и работата на Министрството за образование и наука под водство на актуелниот министер г-дин Положани.

Почитувани колеги пратеници, најмалку што можеме да сториме заради нашите деца и да ја поправиме катастрофата со која се соочува образовниот систем во РМ е да ја изгласаме интерпелацијата за министерот Положани. Образованието, науката, сепак се премногу значајни области од нашиот живот за да бидат препуштени на волонтаристи и на луѓе чија крајна цел не е подобрување на самиот образовен процес, туку негово ставање во функција на дневно-политички интереси на одредена опција.

Би сакал поконкретно да се осврнам на состојбите во битолското образование. За да се добие точната слика кој и како го води образованието, како еден од најчувствителните сегменти на државата со тоа навистина доаѓаме до заклучокот дека оставката на министерот Положани е неминовна. Сите инфорамции говорат дека подрачната единица на Министерството за образование не функционира, зборувам за подрачна единица Битола. Нејзиното работење е сведено на бркање, лични интереси и интереси на партијата. Постојат случаи во некои училишта буквално им се чуваат местата на нивните кадри, па откако тие ќе ги земат своите уверенија од факултетот на кој студирале, почнуваат веднаш да работат. Значи, никакви критериуми не важат, туку само личните и партиските релации. А од

друга страна слушаме дека 30-40 луѓе се испуштени во Битола и битолското образование.

Сега ќе изнесам и конкретни аргументи во основното училиште Тодор Ангелески, имаме класичен пример на непотизам, или самоволие од страна на директорот. Тој часовите по музичко воспитание му ги дава на својот син, а од друга страна имаме наставници по овој предмет кои имаат по 20 години работно искуство во образование, а остануваат без часови. Во основното училиште Александар Турунџиев во општина Поречани имаме избор на директор, поставен е директор без да се почитуваат основните законски норми. Многу е јасно, стои во Законот дека директорот на основното училиште треба да има најмалку пет години работен стаж и тоа во воспитно образовна дејност. Сегашната директорка нема пет години работен стаж, има две, или три години, но затоа е роднина на градоначалникот на општина Битола, или општина Поречани од редовите на СДСМ. Таму веќе се води и судска постапка, а тужеле луѓето кои конкурирале и кои ги исполнуваат законските услови исто така припадници на СДСМ. Но, вкупно именувањето на директорите речиси по сите училишта многу често е направено според непостоечки членови во Законот за што се водат судски спорови за кои пак имам информации дека завршуваат позитивно за тужителите. Значи, повторно незнаењето да се води образованието повторно е на штета на државата која ќе треба да ги обештети тужителите, а од каде од друго место ако не од џебот на граѓаните. Исто така, директорите според моите информаици вршат силни притисоци врз наставниците во пресрет на најавениот штрајк на синдикатот. Тоа го прават со најразлични репресии, а сигурно и во спрега со Синдикатот. И, Синдикатот страшно манипулира со наставниците и сите вработени во образованието. Се случувало по училиштата во селските средини на наставниците да им бидат читани соопштенија дека доколку штрајкуваат ќе земат само 60 проценти од нивната и така ниска плата, па тука се и терминот определен за штрајк месецонари итн. Сепак, синдиактот треба да умее да се избори за своите права. Но, сите податоци ни укажуваат за хаосот кој владее во образованието, за состојбите кои само го уриваат овој столб на државата, неговото достоинство и чест. Не може премиерот Црвенковски во името на својот коалиционен мир и натаму да го штити Положани. А еден ваков значаен сегмент од функционирањето на државата како што е образованието се подлабоко да тоне. Не можам да разберам и како може г-динот Црвенковски па и Али Ахмети да не гледаат и да не слушаат што се случува во образованието или имаат проблеми од повисоки сфери на нивните интереси,

комплетно уништување на државата, комплетен колапс на Македонија, нејзино целосно уништување. Денешнава седница е посветена на интерпелација на министерот за образование и наука Азиз Положани, ама изгледа условите се созреани, оставка треба да поднесе и премиерот Црвенковски кој очигледно не може да се справи со еден ваков тотално неук и неупатен министер.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, да не ги мешаме сега, ве молам. Денеска е интерпелација за министерот.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Па тоа се односи заедно со премиерот и министерот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го знаеме редот.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Добро, ве почитувам потпртседателке и завршувам со дискусијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата почитувани колеги пратеници.

Кога зборуваме за образованието во Република Македонија независно од тоа дали ќе работи за основното, средното или високото образование многу често како да ја забораваме целта што треба да ја постигне државата преку образовниот процес. Имено, основниот проблем со кој што треба да се занимаваат Министерството за образование, Владата па и ова Собрание е создавањето на стручни лица од различни области кои ќе одговараат на потребите за идниот развој на РМ и кои со својот квалитет ќе можат да се споредуваат со завршените студенти од најпрестижните образовни институции во Европа и во светот. За да се постигне оваа цел неопходно е да се обезбеди почитување на одредени стандарди во образованието кои ќе се однесуваат и на плановите и програмите кои треба да ги реализираат образовните институции и на стручноста и на едукативната способност на наставниот и професорскиот потенцијал и се разбира на просторните и техничките услови за организирање на квалитетна настава. Покрај неопходните стандарди за остварување на крајната цел на образовниот процес, создавање на

кадровски потенцијал кој ќе биде носител на развојот на државата на економски, техничко- технолошки, културен, спортски или друг план неминовно е постоење на образовна политика која ќе води сметка за приоритетите на државата. Но, во случајот со РМ за утврдување на приоритетите за развој е задолжително потребно постоење на стратегија за развој на државата како и лоцирање на областите каде РМ има најголем застој. Наместо Владата да се грижи за овие прашања, да создава услови и да гради политика за зголемување на квалитетот на образованието и создавање просторни, технички програмски и кадровски услови за изведување на образовниот процес, таа единствено со што се занимава е прашањето на јазикот на кој се изведува наставата и со продуцирање на проблемите од меѓуетнички карактер. Владата, односно Министерството за образование и наука имаше доволно време во претходната година и нешто за да не убеди сите нас дека побитен и е квалитетот на образовниот процес отколку јазикот на кој се изведува наставата. Овде морам да истакнам дека не е спорно правото на албанците да се образуваат на својот мајчин јазик, но тоа не треба да биде цел сама за себе. Напротив, тоа треба да биде предуслов за поквалитетно соочување на ученикот или студентот со материјата која треба да ја совлада, тоа треба да биде предуслов наставникот, или професорот на поприемлив начин да им ја презентира на учеництре содржината на предметот. Но, истакнувањето на јазикот на кој се води наставата како приоритет во образовната политика на Владата не пртставува ништо друго, туку намалување на квалитетот на образованието. Ова од причини што наместо да се води сметка за стручноста и едукативните и воспитните квалитети на наставниот кадар со цел по секоја цена да се изведува настава на албански јазик, се случува англиски јазик да предаваат во училиштата лица кои не го познаваат англискиот јазик но го задоволуваат барањето да предаваат на албански јазик. Или пак ученици кои од прво до трето одделение учеле на македонски јазик, наеднаш во четврто или некое друго повисоко одделение почнуваат да учат на албански јазик, иако  сеуште ја немаат совладано албанската азбука. На овој начин апсолутно не може да стане збор за почитување на некакви стандарди во образованието, ниту пак за создавање на можности за едукација која ќе доведе до кадри кои со својата стручност и својот квалитет ќе можат да се ставаат во функција на надминување на огромниот број наталожени проблеми во РМ и да придонесат за нејзин просперитет. Многу поголема важност треба да има создавањето на содржина на учебниците која ќе произлегува од современите сознанија од сите општествени научни области,

материја која ќе треба да ја совлада секој ученик и студент независно од неговата етничка припадност. Наместо Министерството да ги насочи своите сили и капацитети кон создавање квалитетни учебници и современи наставни помагала кон компјутеризација на училиштата, кон создавање на просторни услови за изведување на наставата во реконструкција на руинираните училишни згради, тоа за најголем приоритет го има прашањето како да им овозможи на албанските ученици да го користат мајчиниот јазик во училиштето. Албанските ученици и студенти ќе го користат албанскиот јазик, но тоа треба да биде како логична последица на создавањето на квалитетен наставен кадар кој ќе ја изведува наставата на албански јазик како и на печатењето на квалитетни учебници на албански јазик и создавањето на просторни услови за настава. Затоа, со утврдување на погрешни приоритети, со намерата по секоја цена да се реши проблем на мал број на ученици заради стекнување на некаква политичка поддршка од нивните родители, се создаваат меѓуетнички тензии и се потикнува делба меѓу учениците на национална основа. А секако последиците од таков карактер не можат да бидат цел за никој од нас. Никој не може да искаже задоволство од фактот дека учениците македонци не можат да посетуваат настава во Шемшево. Со тоа, еве, веќе година и повеќе од формирањето на Владата во која што вие г-дине Положани сте министер, не се реализира Рамковниот договор, затоа што Рамковниот договор важи и за македонците кои што треба да учат во Шемшево. Со ситуацијата која ја имаме во Шемшево не се потврдува вербалната заложба на Владата на Бранко Црвенковски за интеграција на државата, за создавање на услови за почитување на законите на целата територија на државата.

Зборувавте за тоа дека отворањето на паралелки на било кој јазик е производ на законите и на потребата на РМ за подигнување на образовното ниво на етничките заедници во Македонија. Јас овде би ви укажал дека производ на законите треба да биде остварувањето на правата и обврските на секој граѓанин на РМ независно од неговата етничка припадност. Значи, не може да се зборува дека законите треба да бидат почитувани само кога се работи за правата на една етничка заедница, во случајов албанската заедница, а кога треба да се применуваат законите за остварување на правата на другите етнички заедници, се искажува потреба за дијалог, за трпение, за разбирање на чувствителнота на албанците. Токму овој начин и ваквиот однос кон потребата за почитување на законите претставува дневна политика која продуцира проблеми. За какво почитување на законите зборувате кога

на пример за случајот Шемшево самите велите дека бил постигнат компромис во Владата. Дали ова не претставува еклатантно непочитување на законите, или пак обид Владата да создава закони надвор од нејзината надлежност по пат на компромиси, или на овој начин се промовира еден нов начин на политички волонтаризам на кој единствена цел му е политичкиот договор за одредено прашање, политички договор постигнат помеѓу СДСМ и ДУИ. А, како краен резултат на ваквиот начин на функционирање на Владата ниту со еден збор се нема спомнато проблем во основното, средното, или високото образование во постојните образовни институции кои функционираат во Штип, Струмица, или Кочани, а постојано се создаваат проблеми во Тетовско, Скопје, Битола и во сите тие случаи се работи само за проблеми со кои што се соочуваат албанците. Затоа, за да се отстранат антагонизмите  и конфликтните состојби помеѓу учениците неопходно е премиерот Бранко Црвенковски да ја прифати оваа интерпелација и да го реализира неговото незадоволство од работата на министерот за образование и наука како што самиот истакна во медиумите пред околу месец и нешто повеќе дена. Имено, единствнео на тој начин ќе придонесе за намалување на одговорноста на Владата, за драстичното намалување на студентскиот стандард, за укинувањето на стипендиите на талентираните ученици, како и за сите проблеми, останати проблеми кои произлегоа од негрижата за квалилтетно образование. Тоа е единствената алтернатива за надминување на сегашните состојби во образованието, тоа е единствениот начин за надминување на неповолните индикатори за нивото на образование во РМ децидно утврдени од Советот на Европа, Унеско и Светската банка. Тоа сигурно ќе придонесе за подобрување на претпоставките за развој на државата, а особено за анулирање на меѓуетничките тензии и недоразбирања.

На крајот, тоа претставува и желба на родителите како и единствен начин за почтување на законските одредби за рамноправно и квалитетно образование. Затоа што очгледно министерот за образование и наука наместо да ги решава постојните, продуцира нови проблеми во образованието, затоа што образовните проблеми не можат да се решаваат со остварување на политичките потреби на СДСМ и ДУИ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите, почитувана потпретседателке , почитуван министер,

Мислев дека тие кои побараа одговорнос, ќе побараат нешто со аргументирани аргументи,  со внимание ги слушав до сега моите колеги од опозицијата односно ВМРО-ДПМНЕ, но ништо не рекоа.

Јас верувам дека нема да ми се налутат колегит еод македонската опозиција, но мислам дека рефератите ги подготвиле многу порано и не се следат еден со друг, што говорат , во најголем случаи се повторуваат, ја спомнуваат Битола, паралелката во Битола, го спомнуваат Куманово, Скопје, Шемшево. Се е тоа смешно. Ги спомнуваат дневниците, каде се дневниците. Сосема е нормално дека тие задоцниле.

Јас доаѓам од областа на образованието и многу добро ја познавам работата во основното или средното образование. Дневникот е еден формален документ и тој не влегува во постојани документации, туку влегува главниот регистар, а тоа е една формалност каде што наставникот, професорот само забележува некои работи, педагошката евиденција во случај на недоаѓање на учениците на училиште, или пак во однос на оценките.

Јас незнам дека педагозите, родителите или учениците организирале некои си протести, зошто немало дневници.  Јас ги почитувам колегите, без оглед од која етничка заедница доаѓаат. Јас оваа работа навистина многу добро ја познавам. Моите почитувнаи колеги од макеоднската заедница доколку сакаат добро да си ја работат својата работа, ако добро  ги воспитаат своите ученици, ви  гарантирам дека тие деца нема да излезат на улица. Но, има колеги кои се одговорни и такви кои  се неодговорни, кои не си ја завршуваат работата професионално, да ги воспитуваат децата во духот на соживот. Ние овде во оваа држава не можеме да живееме оделно. Сите треба да живееме заедно и не треба да ги индоктринираме децата да излегуваат на улица, да протестираат, кога станува збор за образованието на албанците на свој мајчин јазик.

Ќе се навратам кај паралелката во Битола. И во Битола има албанци. Таму има ученици кои се школуваат во основно училиште. Од основното училиште произлегуваат деца кои одат во средните училишта. Од средните училишта потоа заминуваат на факултет. Тоа е соема природен пат. Јас не познавам и незнам, ниту една држава во светот, граѓните од  другите држави од Европа и светот кој што се кренале против образованието на некој си друг што сака да се образува на  тој мајчин јазик, освен кај нас. Овде се случуваат овие работи. Некои политички партии

сакаат да се вратат во концептот, на почетокот на ЏЏ-от Век, да речеме кај нас на Балканот, но во Европа на почетокот на ЏИЏ-от Век се враќаат на националниот концепт, концепт кој не води напред. Да беше добар, национализмот ќе се зацврстеше во некоја европска држава. Напротив беа насочени против албански професори, кон ученици албанци, од страна на макеоднската опозиција.

Почитуваните албански професори ги завршиле своите студии таму каде што имале можност. Некој завршил во Тирана, некој во Приштина, некој во Виена, некој во Париз, некој во Америка, таму каде што им се даде можност, но и еден добар дел завршуваат на домашните универзитети, дали е тоа на Скопскиот универзитет “Свети ирил и Методиј”, дали е тоа на Битолскиот универзитет, дали на Универзитетот на Југоисточна европа, таканаречен Штулов универзитет или пак на Тетовскито универзитет.

Не се прифаќа во Парламент да излезеш и д аја кажеш просечната оценка. Би било добро ние како пратеници да излеземе и да речеме, да си ја кажеме својата просечна оценка при завршувањето на факултетот. Да речеме се спомнуваат успесите на учениците во Битола. Учениците , без оглед на која заедница и припаѓаат, имаат добра или лоша оценка, добар или лош успех. Јас ќе ви кажам,професорите албанци, што се однесува на областа образование, се докажува дека албанците  всушност се еден стар  народ, со стара цивилизација и култура. Имаме паралелки од албанска националност кои земаат први места на разни натпревари во Македонија. Во 1994 година, паралелка од Гостивар е најдобрата паралелка на ниво на Републиката. Не можат да бидат сите најдобри. Некои работат повеќе, а штом работат пвоеќе се постигнува и поголем успех. Меѓутоа не значи тоа, ако некој сега не постигнал, дека во иднина нема тоа да го постигне. Јас мислам дека во иднина ќе постигнеме многу многу успеси во образованието. Затоа не треба да се навредуваат ниту макеоднските професори, ниту албанските професори, ниту учениците македонци, ниту учениците албанци, туку ние треба да се учиме дека треба да работиме во областа на образованието, да дојдат навистина заслужни луѓе, без кририки врз почитуваниот министер кој се докажал како успешен човек. Беше пратеник и како пратеник во многу држави учествуваше на разни конференции и да критикуваш еден ваков министер, навистина не доликува, не е тоа човечно.

Сакам да ги потсетам пратениците на ВМРО-ДПМНЕ во тој момент кога беа на власт не делуваа така. Тие беа за соживот. Не ги навредуваа албанците. Не беа против правата на албанците.

Доколку грешам, поправете ме. Имено Никола Карев како прв претседател на Првата Република на Балканот Крушевската Република, е дел од историјата . Тој тогаш рекол, до колку мене не ме подржат албанците јас нема да бидам претседател.

Јас ги прашувам макеоднските колеги, зарем вие немате ниту еден приајтел албанец. Мене ми е многу јасно зошто вие подигате едно такво обвинение, интерпелација против министерот.

Ние тука пред нас имаме предлог за донесување на закон за државно образование на Тетовскиот универзитет, со Предлог на закон.

Да ве потсетам уште на нешто. Имено бившиот премиер и лидер на ВМРО-ДПМНР, сегашниот пратеник, Љупчо Георгиевски, во времето кога беше донесен Законот за високото образоваие тој тогаш кажа еден многу голем збор, во едно интервју дадено за “Фљака”, на почетокот на 2002 година. Тој тогаш рече, ние треба да се ангажираме да го решиме проблемот на високото образование кај албанците. Тој тоа го кажа, не го реков јас.

И оваа Влада кога се формираше, презеде многу одговорности, а министерот е дел од Владата. Тие обврски што се преземени не се преземени поради политички маркетинг и национален интерес, туку се преземени за да се решат проблемите со кои се соочуваат нашите граѓани. И ние одиме во тој правец.

Ако се сеќавате, јас реков, до колку оваа Влада реши некои пробелми кои останале нерешени, е се оцени со висока универзитетска оценка10. Во тој правец министерот треба да си  цени поинаку на максимално ниво, а не како што ќе му текне на некого, така и да делува. Јас мислев дека пратениците ќе изнесат нешто интересно за сите нас.

Што се однесува до проблемот во Скопје, во училиштето “Арсеније Јовков”, да ве прашам, зарем училиштата се само за една националност? Училиштата не се за луѓе кои се умрени. Таму треба да има простор да одат учениците , без оглед на која националност и припаѓаат.

Јас ќе го земам примерот на моето училиште што работи 20 години. Тоа е Гимназијата во Гостивар. Јас работев со ученици албанци, со ученици турци и со ученици македонци. Хармонијата што ја имавме меѓу нас колегите  албанци, турци и македонци беше на високо ниво. Немало никаков инцидент. И кога започнаа со протестите, се обидоа да ни ги изнесат децата на улица, со цел да дојде до судир меѓу македонците и албанците. Се разбира македонците ученици се во помал број,

само две паралелки.  Повеќе се албанци. Се разбира , целта беше да се изнесат учениците на улица со една единствена цел да протестираат во однос на судбината на учениците од Битола. За судбината на тие ученици треба да решава Владата, а не учениците. Затоа јас навистина им се заблагодарувам на сите наставници во Гостивар кои не паднаа пред интересот на некои кои се обидуваа да ги изнесат учениците на улица, иако имаше мали раздвижувања, но со помош на наставниците учениците се вратија таму каде што им е местото. На ученикот местото му е во училиштето. Навистина, јас кога ќе видам дека учениците излегле од училиштето, одат по улиците и громагласно извикуваат, па се прашувам како е можно еден педагог да дозволи неговиот ученик да излезе на улица. Мислам дека одговорноста, во овој случај, е и на професорите. Затоа мислам дека во случајот на “Арсеније Јовков”, самите политичари, самите пратеници, самите наставници треба да се ангажираат да ги земат учениците албанци, заедно да влезат со учениците македонци во своите училишта. Мислам тоа е еден вид на соживот. Затоа треба навистина да создадеме љубов еден кон друг.

На крајот што мислам за противниците. Кога противниците ги критикуваат интелектуалците , или разумните луѓе, ние тоа многу го цениме, затоа што противниците биле против нашите добри луѓе, а тие луѓе имаат високи човечки вредности. Противниците, до колку , навистина зборуваат добро за луѓето, што е нашиот интерес, тогаш тие се добри луѓе.

Благодарам за вниманието што ми го посветивте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам немаме време за реплики, 17,00 часот е, репликите оставете ги за утре.

Почитувани пратеници сакам да ве информирам дека во договор со координаторите и со мнозинството пратеници, од утре ќе имаме нова сатница за работа, ќе се работи од 11,00 до 18,00 часот, со пауза од 14,00 до 15,00 часот, од објективни причини.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).